НАПОРИТЕ НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ, ПОГЛЕД НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО



Автори:
Калтрина Селими
Филип Стојковски

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот (ите)/авторот (ите), и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

Често користени кратенки:

СНЕ - Спротивставување на насилен екстремизам

ИВЗ - Исламска верска заедница

Напомена: Оригиналната верзија на овој документ е напишана на англиски јазик.

СОДРЖИНА

1. МЕТОДОЛОГИЈА И СОДРЖИНА 7
2. КОНТЕКСТ 9
2.1 СТРАНСКИ БОРЦИ 10
2.2 НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ СО МАКЕДОНСКИ КОРЕНИ 11
2.3 МАКЕДОНСКИ ДРЖАВЈАНИ ОСУДЕНИ ВО СТРАНСТВО 13
2.4 ПОШИРОКАТА АГЕНДА 14
3. ПРАВЕН И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР 16
3.1 ДЕФИНИРЊЕ НА СПРОТИВСТАВУВАЊЕТО НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ/ СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ 16
3.2 ПРАВНАТА РАМКА ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ ВО МАКЕДОНИЈА 17
3.3 ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР 19
3.3.1 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ 19
3.3.2 УПРАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАЗУЗНАВАЊЕ (УБК) 20
3.3.3 НАЦИОНАЛЕН КООДРИНАТОР ЗА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ 21
АКЦИЈАТА „ЌЕЛИЈА“ 22
СУДЕЊЕТО ЗА „ЌЕЛИЈА“ 24
3.3.4 АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ 26
3.3.5 ОБСЕ 27
3.3.6 МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ 28
3.3.7 ИСЛАМСКА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА (ИВЗ) 29
3.3.8 ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО 30
3.3.9 ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА 31
4. РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА 32
4.1 РЕГИОНАЛНАТА ДИМЕНЗИЈА НА ПРОБЛЕМОТ 34
4.2. СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ НА БАЛКАНОТ 37
4.3 БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА 40
4.4 КОСОВО 40
4.5 АЛБАНИЈА 45
5. РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА 48
6. ЛОКАЛНИ АСПЕКТИ - СКОПЈЕ, КУМАНОВО И ТЕТОВО 55
6.1 СКОПЈЕ 60
6.2 КУМАНОВО 69
6.3 ТЕТОВО 71
ЗАКЛУЧОЦИ 74
ПРЕПОРАКИ 76

Вовед

Со вжестувањето на војната во Сирија дојде до зголемување на бројот на странски борци од Европа во периодот меѓу 2012 и 2015г, па и теоретичарите и практичарите започнаа да предупредуваат на можни реперкусии врз општествениот поредок кога странските борци ќе се вратат дома. Властите дури и открија дека неколку од напаѓачите во терористичките напади во Париз на 13 ноември 2016, и во Брисел на 22 март, 2016 се поранешни странски борци[1]. Во 2015, во ЕУ се уапсени 687 лица осомничени за тероризам од религиозни побуди.[2]

Ова воопшто и не претставува изненадување откако истакнати експерти за тероризам, како Томас Хегхамер, тврдеа дека "Сирија ќе го одолговлече проблемот со терористите-џихадисти во Европа за следните 20 години," и предупредуваа дека дури и доколку реперкусиите се мали „ќе има огромен број напади".[3]

Земјите членки, во согласност со меѓународното право, ќе спречат „регрутирање, организирање, пренесување или снабдување на лицата кои патуваат до Држави кои не се нивна домицилна држава со цел подготовка, планирање, или учество во терористички напад, или овозможување или користење обука за тероризам, финансирање на патувањето и на нивните активности."

Резолуција 2178, Совет за безбедност на ОН

За илустрација на глобалната димензија на проблемот со странските борци, ООН решавањето на проблемов го има рангирано како еден од најголемите приоритети. Ова е видливо со усвојувањето на Резолуцијата 2178 (2014) од страна на Советот за безбедност на ООН, којашто го осудува насилниот екстремизам и предлага активни мерки за негово сузбивање. Меѓу другото им налага на земјите-членки на ООН да ја засилат граничната безбедност и да вршат проверки со цел изнаоѓање или апсење на странски борци коишто патуваат кон или од воените жаришта. И најважно, им наложува на земјите-членки да се борат со насилниот

1Њујорк тајмс. „Разоткрвање на поврзаноста меѓу бриселските и паришките напаѓачи". 9 април, 2016. Пристапено 19 јули, 2016. http://www.nytimes.com/interactive/2016/03/23/world/europe/how-the-brussels-and-paris-attackers-could-be-connected.html

2 Европол. '„TE-SAT 2016". 20 јули, 2016. Пристапено 21 јули, 2016. https://www.europol.europa.eu/content/european-union-terrorism-situation-and-trend-report-te-sat-2016

3 „Европа ќе ги почувствува последиците од џихадистичките конфликти". BBC. 30 ноември, 2013. Пристапено 20 ноември, 2015 http://www.bbc.com/news/world-middle-east-25155188

екстремизам со преземање превентивни мерки, како што се сорботка со заедниците на локално ниво и запирање на ширењето на екстремистичките идеологии[4].

Потврдувајќи дека заканата од тероризам на европско тло е во пораст последните неколку години, Европската комисија (ЕК) на 2 декември 2015, веднаш по нападите во Париз, усвои двократен пакет мерки за подобрување на решавањето на оваа закана[5]. Според извештајот на ЕК, странски борци биле вмешани во најмалку шест терористички напади на територијата на ЕУ во 2015г. Според Комисијата, „Постоечките прописи треба да бидат усогласени, земаќи ја предвид променетета безбедносна состојба во Европа во поглед на тероризмот“[6].

Екстремистичките групи како ИСИС, Боко Харам, ал-Шабаб и други, во многу случаи вршат неселективно насилство и ги прекршуваат човековите права. И покрај нивните нечовечки постапки, овие групи сепак успеваат да привлечат следбеници, што значи дека борбата против нив не може да се ограничи само на сузбивање на нивните терористички напади, туку и со искоренување на идеите за насилен екстремизам кои успеваат да ги шират.

Од клучна важност е да се сфати идеологијата врз која почива појавата на насилниот екстремизам и причините зошто луѓето им се придружуваат на овие групи. Креаторите на јавните политики често потполно и не ја разбираат сложеноста на проблемот, а со тоа неизбежно често донесуваат одлуки кои се несоодветни или нудат само делумни решенија што може да предизвика негативни последици.

---

4 7272. состанок на Советот за безбедност „Советот за безбедност едногласно ја усвои резолуцијата за осуда на насилниот екстремизам, подвлекувајќи ја потребата да се спречи патувањето и поддршката на странските борци-терористи“. 24 септември, 2014. Пристапено 24 декември, 2015. http://www.un.org/press/en/2014/sc11580.doc.htm

5 Европска комисија „Предлог за донесување Директива на Европскиот парламент И Совет за борба против тероризмот и замена на нацрт-резолуцијата на Советот 2002/475/ЈНА за борба против тероризмот“ 2 декември, 2015. Пристапено 15 февруари, 2016. http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-we-do/policies/european-agenda-security/legislative-documents/docs/20151202_directive_on_combatting_terrorism_en.pdf

6 ибид.

1. Методологија и содржина

Оваа анализа на политиките има за цел да обезбеди подобро разбирање за состојбата во која се наоѓа Македонија во врска со насилниот екстремизам. Дополнително, има за цел да го мапира постоечкиот тренд на насилен екстремизам во Македонија и регионот на Западен Балкан, утврдувајќи ги движечките сили на насилниот екстремизам, истовремено обрнувајќи внимание на институционалниот и правниот одговор кон насилниот екстремизам во државата. Поточно, открива што било сработено досега на институционален план во борбата со овој проблем од аспект на најновите законски измени и нивната примена, а со цел да се дадат применливи и релевантни препораки до засегнатите страни кои се директно вклучени во справувањето со и спречувањето на насилниот екстремизам. Исто така се осврнува на процесите на дерадикализација и ресоцијализација на странските борци-повратници.

Ова истражување дава препораки за ефикасни практики во врска со:

- Спречување на екстремизмот, вклучувајќи го и можното ангажирање на локалните заедници во соработка со верските институции;
- Правната рамка и спроведување на законот кога станува збор за насилниот екстремизам и странските борци, како и утврдување на нивната ефективност да ги обесхрабрат оние што сакаат да се приклучат во војните во странство;
- Регионална соработка во справувањето со насилниот екстремизам, или како се одвива и поттикнува соработката меѓу безбедносните институции во регионот, и дали сознанијата се споделуваат навремено и ефикасно.

Ова истражување се заснова на информации добиени од јавни извори како што се медиумски статии за случаи на насилен тероризам и радикализација, јавни дебати на истата тема, академски трудови и друга литература. Истражувачите кои работеа на проектов исто така користеа јавни информации достапни во институциите како што е Министерството за внатрешни работи (МВР) коишто може да се добијат преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Исто така, беа спроведени интервјуа со клучните засегнати страни во процесот на борба против насилниот екстремизам, преку кои се дојде до значајни информации. На крајот, се одржаа и неколку фокус групи во градовите Куманово, Скопје и Тетово, при што целна група беа младите од муслиманската заедница.

Ова истражување се состои од шест поглавја, и во секое од нив се анализира конкретен проблем поврзан со борбата против насилниот екстремизам.

Првото поглавје дава вовед во заканата од појавата на насилен екстремизам и странски борци која им се заканува на Македонија и на регионот, опшувајќи ги притоа локалните карактеристики. Второто поглавје го истражува правниот и институционалниот одговор на проблемот со насилниот екстремизам и странските борци, осврнувајќи се на законските измени кои се воведоа како резултат на појавата на овој проблем. Третото поглавје се осврнува на регионалната динамика на феноменот на странските борци и насилниот екстремизам. Ја подвлекува важноста на регионалната соработка и покажува колкава е меѓуповрзаноста во Западен Балкан кога станува збор за оваа закана. Следното поглавје ја истакнува важноста на процесите на ресоцијализација и реинтеграција и дава објаснување зошто тие се толку сложени. Ги анализира мерките преземени од политичките и верските власти за потпомагање на ресоцијализацијата и реинтеграцијата. Нашите истражувачи истите ги споредија со најдобрите практики користени низ Европа. Следното поглавје ги изложува заклучоците од фокус групите кадешто се дискутираше со млади луѓе од три поголеми градови од каде воглавно потекнуваат странските борци што заминале во Ирак и во Сирија (Куманово, Скопје и Тетово). Последното поглавје ги сумира заклучоците и истакнува клучни наоди. Оваа студија дава препораки кои се применливи и во духот на актуелната јавна политика.

2. Контекст

Тероротот и радикалицијата беа непознати концепти за луѓето што живееа во поранешна социјалистичка Југославија. Тоа беа нешта што едноставно не се среќаваа на овие простори.[7]

Почнувајќи од раните 1990ти, искористувајќи ја економската и политичка нестабилност што настана по распаѓањето на социјализмот, многу странски исламски добротворни организации, главно од арапските држави, си го пробија патот до регионот и започнаа да проповедаат екстремистички идеи. Неисцрпните финансиски ресурси им помогнаа да допрат до целната група: главно сиромашните заедници[8]. Повеќето вакви организации активни во регионот беа добротворни и немаа идеолошки намери. За жал, некои порадикални организации успеаја да го искористат ова како параван, да го зацврстат своето влијание врз Балканот и да се здобијат со следбеници. На пример, екстремизмот во Босна и Херцеговина доживеа значителен пораст за време на босанската војна кога неколку илјади Муџахедини се приклучија кон страната на Бошњаците.[9]

Во моментов, Баканот е регион потенцијално загрозен од феноменот на странски борци и насилен екстремизам. „Комисијата 9-11[10]" уште во 2010г. предупреди дека земјите од Балканот се соочуваат со предизвици како резултат на присуството на екстремистички групи[11] дури и пред појавата на ИСИС.[12]

Сепак, интересно е да се забележи дека доколку од равенката ги извадиме теористичките напади поврзани со вооружените судири што се случија во земјите наследнички на поранешна Југославија, може да се каже дека не се забележани голем број напади. Исто така, кога овој вид напади веќе и биле

---

7 „Борба со исламските радикали во источна Европа", стр2. Ѓорѓи Ледерер. Пристапено 20 декември, 2015
http://www.investigativeproject.org/documents/testimony/33.pdf
8„Религиозните екстремисти од Македонија и Балканот без поширока поддршка" Филип Стојковски, Аналитика. Пристапено 20 декември, 2015
http://www.analyticamk.org/images/Files/Commentary/comm201509_63a40.pdf
9 „Босна:лулка на модерниот џихадизам?". BBC. 2 јули, 2015.
http://www.bbc.com/news/world-europe-33345618
10 Комисијата 9-11 е двопартиска независна комисија основана од Конгресот на САД, со одобрение на поранешниот претседател на САД Џорџ В. Буш. Главна цел ѝ е да подготви потполен извештај за условите кои доведоа до терористичките напади на 11 септември, 2001.Има мандат да дава препораки што ќе ги намалат шансите од идни напади.
11 Сто и единаести Конгрес, втора сесија Х.Р. 4278 во куќата на претставниците. „Текст за балканскиот закон за екстремизам и безбедност". 02.03.2010. Пристапено на 20.12.2015. Достапно https://www.govtrack.us/congress/bills/111/hr4728/text
12 Државен комитет за терористички напади врз САД. Официјална интернет страна, блокирана на 20 септември, 2014. Во моментов државен запис сервисиран од Националната архива. Пристапено 21 декември, 2015.
http://www.9-11commission.gov/

извршени, најчесто биле изведени од изолирани поединци и ниту една група ја немала преземено одговорноста. Исто така може да се види дека немало напади од поголеми размери како и голем број на жртви. Фактот дека не постојат поголеми религиски инспирирани терориртички групи покажува дека екстремистичките групи од минатото не биле способни да мобилизираат доволна поддршка и затоа биле релативно слаби.

2.1 Странски борци

И покрај тоа што заканата од насилниот екстремизам не е висока, многу е важно да се нагласи дека е во постојан пораст. Еден скорешен настан којшто привлече внимание е одливот на странски борци од Западен Балкан главно кон боиштата во Сирија и Ирак. Поради сложеноста на појавата, тешко е да се даде точна проценка на бројот на странските борци кои доаѓаат од Македонија и остатокот од Балканот. Сепак, тие претставуваат закана за регионот што придонесе надлежните органи на власта да усвојат нови регулативи за борба против насилниот екстремизам.

Според информациите добиени на 22 јуни 2016, од Претседателот на Македонија, Ѓорѓе Иванов, во Сирија има 110 борци од Македонија, 25 дополнителни веќе се водат како загинати, а 86 се повратници во Македонија[13]. Тројца од странските борци од Македонија се жени, додека други тројца во Сирија се имаат преселено заедно со потесните семејства.[14] Според бројките кои ги дава „Соуфан Гроуп“, за Косово и Босна има 232 и 330 случаи, соодветно.[15] Поради тоа, прашањето на насилниот екстремизам и странските борци е поставено високо на агендата на Македонија и останатите балкански земји.

Овие бројки можеби се чинат високи, но мора да се запомни дека во земјите од Западен Балкан живеат вкупно 6,5 милиони муслимани. Ова покажува дека, изразена во проценти, бројката на балканските муслимани кои им се приклучуваат на ваквите групи не е премногу алармантна. Во „Извештајот за изнаоѓање на причините и последиците вклучувањето на граѓаните на Косово како странски борци во Сирија и Ирак“ на Косовскиот центар за безбедносни студии, наведени се податоци за бројот на странски борци кои доаѓаат од земјите ширум светот. Косово и Босна имаат 125 и 85 (соодветно) странски борци на еден милион жители. Ова ги поставува овие две земји на највисок

13 Интернет страница на Претседателот на Република Македонија. „Говор на Претседателот Иванов“ 22 јуни, 2016. Пристапено 13 јули, 2016. http://www.president.go v.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3849.html

14 Интервју со висок службеник на УБК. Извршено на 19.07.2016

15 Њузвик. „Извештај: бројот на странски борци во Ирак и Сирија достигна 31000”. 12 август, 2015. Пристапено 25 ноември, 2015. http://europe.newsweek.com/foreign-fighters-syria-and-iraq-double-31000-86-countries-report-402084?rm=eu

ранг на листата на Косовскиот Центар за безбедносни прашања. Сепак, кога бројот на странски борци ќе се пресмета по глава на жител муслиманска популација (на милион жители), Косово и Босна и Херцеговина не се вбројуваат ни во првите десет од истата листа.[16]

Интересен е феноменот што на почетокот, некои од борците од Западен Балкан всушност и не се приклучуваат поради религиозни побуди, како што најчесто се претпоставува, туку всушност се приклучуваат од солидарност во борбата против режимите во Сирија [17] кои ги сметаат за деспотски. Токму затоа, тие бараат поумерени групи, како на пример Слободната сириска војска.

Борците кои им се приклучуваат на екстремистичките групи како ИСИС или Џабат-ал-Нусра се осудени и од политичките и од религиските авторитети на Западен Балкан. Поглаварот на Босанската Исламска заедница, Хусеин Кавазовиќ, осудувајќи ги постапките на ИСИС вели: „не останува ништо друго освен да се осудат овие злосторства“[18] и побара од босанските власти да им ги одземат државјанствата на босанските борци во ИСИС. Исламската верска заедница во Македонија исто бргу ги осуди нападите врз Чарли Ебдо истакнувајќи дека: „[Овие] напади немаат ништо заедничко со Исламот. Веруваме дека во светот не постои таква религија која би можела да ги оправда ваквите постапки“.[19]

2.2 Насилниот екстремизам со македонски корени

Изливот на странски борци не е нова појава во Македонија. Во последните неколку декади, мал број на државјани на Македонија заминале да се борат во странски војни. Посојат извештаи за лица кои им се имаат приклучено на групите што се борат во Авганистан, Пакистан и Босна и Херцеговина.[20]

Првите аларми во врска со насилниот Екстремизам се вклучија неодамна во Македонија кога почнаа да доаѓаат извештаи за македонски граѓани убиени

16 Косовски центар за безбедносни прашања „Извештај за причините и последиците на учеството на косовските државјани како странски борци во Сирија и Ирак“ Стр.25, табела1. Април 2015. Пристапено 29 ноември, 2015.
17 Приштина инсајт. „Регрутите на ИСИС од Македонија поврзани со највисоките челници“ 28 март, 2016. Пристапено 6 јуни, 2016.
http://prishtinainsight.com/exclusive-details-macedonias-isis-recruits/
18 Њузмакс. „Муслимански свештеници протестираат против убиството на пилотот од страна на ИСИС“. 6 февруари, 2015. Пристапено 29 ноември, 2015.
http://www.newsmax.com/World/GlobalTalk/isismuslim-clerics-lash-out/2015/02/06/id/623249/
19 Гласот на Америка на мекедонски. Борјан Јовановски „Македонија реагира на нападот во Шарли ебдо“ 8 јануари, 2015. Пристапено 29 ноември,, 2015.
http://mk.voanews.com/content/voa-macedonian-macedonia-reactions-charlie-paris/2590750.html
20 Интервју со Тони Јакимовски – поранешен-координатор за цпротивставување на тероризмот. Спроведено 3 мај, 2016.

во Сирија додека се бореле за екстремистички групи. Првиот случај македонски граѓанин да биде убиен додека се борел во Сирија се појави во мај 2013г.[21] и беше изненадување за пошироката јавност. 28-годишниот Р.З. од село покрај Гостивар, бил убиен додека се борел за Џабат-ал-Нусра, сириискиот огранок на Ал-Каеда. Уште еден шок за јавноста дојде кога во едно од видеата обајавено од пропагандата на ИСИС од 12. јуни 2014, можеше да се види како група борци на ИСИС кинат нешто што наликуваше на пасоши (еден од пасошите беше македонски пасош како и два косовски пасоши) и како се откажуваат од нивните национални и етнички идентитети [22].

Овие борци претставуваат закана за земјите во кои се враќаат. Во својата анализа *„Ги криминализиравме – што понатаму?[23] Одговорот на Западен Балкан на заканата од странските борци“*, Андреја Богдановски наведува неколку причини зошто тие претставуваат закана. Три од најважните прични се: можат да послужат како посредници за регрутација, се имаат стекнато со борбени и терористички вештини, и на крајот, можат да дејствуваат засебно. И покрај тоа што не секој од повратниците во своите земји ќе тргне по патот на насилството, ова прашање е нужно да биде покренато поради можната димензија на штетата која *може* да биде предизвикана.

Поголемиот дел од регрутацијата направена од групи како ИСИС не се изведува преку централизирано тело; таа се изведува на најниско можно ниво што е случај и со Македонија. Конечно, пресудно е да се спомене дека дури и доколку странските борци не се вратат во своите земји тие се’ уште ќе претставуваат закана поради можноста да радикализираат други преку Интернет што може да се постигне од секоја точка во светот.

Македонската стратегија кон ова прашање воглавно се фокусира на извршната и судската власт, со многу мала или никаква општествена (поширока) ангажираност. Понатака македонските власти имаат тендеција на проблемот да гледаат од безбедносен аспект. Ова се отсликува во фактот што не постои одделна стратегија за напори против насилниот екстремизам, туку поскоро се гледа на тоа како на дел од пошироката стратегија за борба против тероризмот.

---

21 Утрински. „Гостиварец загина во Сирија“. 28 мај, 2013. Пристапено 2 декември, 2015. http://www.utrinski.mk/?ItemID=3125F63C9C8F31489EE8E3A3F7E8E7A6

22 Бриф. „Џихадист од Македонија го искина пасошот“. Пристапено 2 декември, 2015. http://brif.mk/?p=154809

23 Андреја Богдановски, Аналитика. „Ги криминализиравме – што понатаму? Одговорот на Западен Балкан на заканата од странските борци“ Септември 2014. Пристапено 3 декември, 2015. http://www.analyticamk.org/images/stories/files/2014/Foreign_Fighters.pdf

Темата за радикализацијата и насилниот екстремизам е високо на агендата на државните институции. Претседателот Иванов после една од средбите со претставници од Исламската верска заедница во Македонија (ИВЗ) ја подвлече заканата од радикализација со која се соочува Македонија и додаде дека ограничените ресурси со кои располага Македонија се насочени кон справување со бегалците и мигрантите што им дозволува на македонските власти да се фокусираат само на спречување на ескалација или радикализација наместо да се занимаваат со искоренување на проблемот[24].

ИВЗ исто така јавно проговори против ИСИС, наведувајќи дека ИСИС не го претставува Исламот и дека ИВЗ отсекогаш била против војните. Таа ги осуди сите форми на насилство и екстремизам, додавајќи дека тероризмот, особено оној направен во име на религијата, нема да биде толериран[25].

Многу е важно да е подвлече дека бројот на странски борци од Македонија има тенденција на опаѓање. Ова делумно може да е резултат на тоа што главниот врбувач за ИСИС во Македонија, Рецеп Мемиши, е уапсен[26]. Ова секако не значи дека екстремистичката идеологија не продолжила да циркулира. Веројатно е дека како резултат на владиното сузбивање на регрутацијата за екстремистичките групи, екстремистите почнуваат да дејствуваат тајно и, или започнуваат многу повнимателно да патуваат во Сирија и Ирак, или едноставно повеќе се фокусираат на зацврстување на локалната поддршка.

2.3 Македонски државјани осудени во странство

Постојат неколку случаи македонски државјани да бидат осудени или уапсени во странски земји поради учество во странски екстремистички групи, или заради регрутација за таквите групи. Најпознатиот случај е Мухамед Зекири од Охрид, кој беше осуден на доживотен затвор во Турција на 15. јуни, 2016[27]. Зекири и тројца други џихадисти беа запрени на контролна точка во Анадолија (Турција) додека се враќаа од камп за обуки во Сирија. Тие отворија оган и убија двајца полицајци и возач на камион. Уште еден македонски граѓанин, А.В, беше уапсен во близината на Венеција (Италија) поради

24 MKD MK. „Иванов: Исламската верска заедница треба да се вклучи во справувањето со радикализацијата“. 1 декември, 2015. Пристапено 15 декември, 2015. http://m.mkd.mk/makedonija/politika/ivanov-i-islamskata-verska-zaednica-treba-da-se-vkluchi-vo-spravuvanje-so

25 Телеграф МК. „ИВЗ: ИСИС не го претставува Исламот“.6 август, 2015. Пристапено 15 декември, 2015. http://www.telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-295793-ivz-isis-ne-go-pretstavuva-islamot.nspx

26 Интервју со Тони Јакимовски – поранешен-координатор за спротивставување на тероризмот. Спроведено 3 мај, 2016.

27Радио Слободна Европа на македонски. „Тројца членови на ИСИС осудени во Турција“. 16 јуни 2016. Пристапено на 19. јуни, 2016. http://www.slobodnaevropa.mk/a/27801582.html

регрутација за ИСИС. За време на полициската акција беше откриено дека неколку џихадисти регрутирани од А.В.[28] и другите од неговата ќелија од Италија веќе имале отпатувано за Сирија. Меѓу нив биле двајца граѓани на БиХ и еден граѓанин на Македонија.

2.4 Поширокаата агенда

Постојат информации за тоа дека дел од лицата кои сакаат да станат борци, а им е забрането да патуваат со авион, патуваат со возило или автобус низ Балканот со цел да стасаат во Турција. За властите од регионот од пресудна важност е да соработуваат во спречувањето овие лица да стигнат до нивните крајни дестинации[29]. Соработката треба да почива на споделување информации, а истовремено и градење на доверба меѓу властите. Кога станува збор за пресретнување на терористички патувања, размената на информации е сржта на една силна безбедносна политика. Огромниот обем на патувања на борците претставува потешкотија за властите да ги следат лицата кои претставуваат закана или да престанат да ги следат оние кои не се. Како многу корисна алатка може да се издвои аналитичката датотека „странски борец-терорист“ од Интерпол, која им е достапна на сите 190 земји членки на Интерпол, во смисла на увид во базата на податоци и пребарување и детектирање на странски борци што се обидуваат да влезат на нивна територија. Се разбира, има и поплаки дека одредени земји затајуваат информации или истите не ги споделуваат со потребната брзина[30]. Македонските власти тврдат дека ја употребуваат базата на податоци на Интерпол и дака редовно ги обновуваат податоците во неа[31]. Но, Претседателот Иванов исто така има изјавено дека Македонија нема пристап до базите на податоци на ЕУ кога станува збор за странските борци[32].

Македонија, од почетокот на конфликтот во Сирија, им се придружи на западноевропските влади во поддршката кон меѓународната заедница за запирање на насилството. Македонија исто така ѝ се придружува на

28 Анса на англиски. „Македонци уапсени поради регрутација на џихадисти“. 26. февруари, 2016. Пристапено на 15. јуни, 2016. http://www.ansa.it/english/news/2016/02/26/police-arrest-macedonian-for-recruiting-mujahideen-4_b006fe25-c144-4e29-8b23-8edabc2dabcd.html

29 Интернешнл бизнис тајмс. „Како патуваат странските борци до територииите на калифатот на ИСИС“ 3 март, 2015. Пристапено 21 декември, 2015. http://www.ibtimes.com/how-foreign-fighters-joining-isis-travel-islamic-state-groups-caliphate-1833812

30 Интерпол. „Директор на Интерпол предупредува дека заканата од странските борци-терористи е без преседан и бара глобална акција“ 29 мај, 2015. Пристапено 22 декември, 2015. http://www.interpol.int/News-and-media/News/2015/N2015-067

31 Министерство за внатрешни работи (МВР), информација добиена со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер испратена на 21.12, барање бр.233/15

32 Макфакс “ Иванов, на ЕУ и се потребни стабилни и безбеднии трети земји “ 19 септември 2016 Пристапено на 23.09.2016. http://bit.ly/2ebyRWj

меѓународната заедница во осудата на употребата на хемиско оружје од страна на режимот на Башар Ал Асад. Министерството за надворешни работи на Македонија изјави дека таквите нарушувања не смеат да поминат неказнето[33]. Македонија, исто така, е чен на коалицијата против ИСИС[34].

Многумина го покренаа прашањето за сигурносните импликации на бегалската криза на Балканот како главна транзитна зона за бегалците. Постојат шпекулации дека меѓу бегалците се наоѓаат значаен број екстремисти, што беше и користено како додатен изговор за затворање на границите. Исто така, справувањето со бегалската криза е дополнителен товар на веќе ограничените ресурси со кои располагаат властите. Неопходноста ресурсите да се пренасочат кон справување со мигрантите и спречување на илегалното преминување граници може да значи дека нема да има доволно средства за надгледување на сите лица за кои постои сомневање дека се радикализирани.

Самите бегалци ги напуштаат воените зони и бегаат од екстремизмот. Тие не ги поддржуваат екстремистичките групи, туку фактички бегаат од нив. Овие насилни групи веќе имаат голем број поддржувачи во Европа и тешко е да се замисли дека би ги следеле мигрантите на нивниот пат од илјадници километри и во многу тешки услови. Многу поверојатна закана е постепената радикализација на мал дел од сириската заедница бегалци која живее во Европа, што најверојатно ќе се постигне со текот на времето и од страна на радикалните проповедници кои веќе живеат таму. Сепак, многу е важно да се забележи дека едниот од напаѓачите од настаните во Париз, во ноември 2015, кој беше државјанин на ЕУ, патувал со мигрантите од Сирија користејќи фалсификуван пасош[35]. Ова значи дека постои веројатност, иако мала, дека меѓу мигрантите веќе има екстремисти. За властите на државите низ кои поминува бегалската рута ќе биде многу тешко ефикасно да го испитуваат секој мигрант највеќе поради огромниот број лица кои минуваат и поради ограничените ресурси и капацитети со кои тие власти располагаат. Затоа е многу важно да се воспостави подобар проток на информации меѓу земјите долж бегалската рута, а во врска со испитувањето на бегалците и мигрантите поради можноста меѓу нив да се наоѓаат терористи.

33А1Он. “Македонија ги осудува насилствата во Сирија” 31. август, 2015. Пристапено на 23.12.2015.
http://a1on.mk/wordpress/archives/198349

34 Вашингтон Пост. „Што прават 60-те членки на Коалицијата против ИСИС“ 25 септември, 2014. Пристапено 8 март, 2016.
https://www.washingtonpost.com/news/checkpoint/wp/2014/09/25/what-the-60-members-of-the-anti-islamic-state-coalition-are-doing/

35 BBC. „Нападите од Париз: кои се напаѓачите?“ 27 април, 2016. Пристапено 25 мај, 2016.
http://www.bbc.com/news/world-europe-34832512

3. Правен и институционален одговор

3.1 Дефинирње на спротивставувањето на насилниот екстремизам / Спречување на насилниот екстремизам

Спротивставувањето на насилниот ектремизам е сложен процес за кој е потребно учество од повеќе институции (државни, локални, религиозни), граѓанското општество и единиците на локалната самоуправа. Борбата против насилниот екстремизам бара сеопфатен пристап од сите релевантни актери, не само од безбедносните структури. Само со таков сеопфатен пристап може да се откријат, а потоа и да им се обрне внимание на факторите коишто ги водат луѓето кон насилниот екстремизам. Во процесот на борба против насилниот екстремизам, клучна е соработката меѓу сите релевантни чинители. За оваа соработка да биде на потребното ниво, најпрво мора да постои одредено ниво на доверба меѓу засеганатите страни.

Кога се говори за борбата против насилниот екстремизам, првата асоцијација кај многумина е спроведувањето на законот и кривично-правниот систем. Клучен аспект на борбата против насилниот екстремизам е обновувањето на постоечките закони за подобро решавање на проблемот со странските борци и насилниот екстремизам, кој пак води до тероризам. Кривично-правниот систем мора да биде способен да одговори на активностите поврзани со тероризам преку фер и ефикасна истрага, кривично гонење и казна за акти на тероризам.[36] Исто така неопходно е да се има пристап којшто содржи превентивни мерки, како што е гонење на лица за обид, соучество, финансирање, регрутирање и обука. Иако спроведувањето на законите секогаш е важно, превентивните мерки се подеднакво, ако не и поважни. Важно е многу повеќе внимание да се посветува на другите аспекти како што се „градење на отпорноста на заедницата кон радикализацијата, сузбивањето гласини, промовирањето на улогата на младите и жените како лидери во граѓанското општество, [и] подигањето на улогата на умерените религиозни струи[37]". Ова е значајно, бидејќи им отежнува на екстермистите да му пристапат на населението и да регрутираат луѓе за своја кауза.

36Светски форум против тероризмот. „Меморандумот од Рабат за успешни практики за ефикасно спречување на тероризмот во сферата на кривичнот законодавство“. 24 мај, 2012. Пристапено 10 февруари, 2016.
https://www.thegctf.org/documents/10162/38299/Rabat+Memorandum-English

37 Стејт Департмент „Иницијативи за борба против насилниот екстремизам поддражани од Стејт Департментот на САД и УСАИД”. 19 февруари, 2015. Пристапено 10 февруари, 2016.
http://www.state.gov/r/pa/prs/ps/2015/02/237647.htm

3.2 Правната рамка за борба против насилниот екстремизам во Македонија

Креаторите на политики во Македонија, во насока со земјите од Западен Балкан и другите европски земји, одлучија да ги ажурираат своите закони за да можат соодветно да се спротивстават на регрутацијата на странски борци.[38]

Иако правната рамка во Република Македонија пред ревизијата содржеше одредби за борба против тероризмот, немаше посебни одредби со кои се криминализира учество и регрутирање за странски војски. Македонското законодавство кое ја покрива областа на тероризмот главно доаѓа од Членот 394-а, 394-б, 394-в од Кривичниот законик[39] и Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.[40]

Со разгорувањето на војната во Сирија, појавата на странски борци стана важно прашање и земјите од целиот свет започнаа да се соочуваат со проблемот кога нивни граѓани им се придружуваат на овие групи. Спротивставувањето на појавата на странските борци и насилниот екстремизам стана врвен приоритет на меѓународната заедница. Затоа е важно да има измени и дополнувања на постоечките закони кои конкретно ќе го решаваат прашањето со странските борци.

Согласно измените усвоени на 3. септмеври 2014г., член 322-а од Кривичниот законик сега гласи: Тој што спротивно на закон создава, организира, регрутира, превезува, организира превоз, опремува, обучува или на друг начин подготвува лице или група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија, ќе се казни со затвор од најмалку пет години. [41] Законот не важи ретроактивно. Во случајот на Босна и Херцеговина, затворската казна варира од не помалку од 3 години за приклучување кон

38 Косово го усвои законот за забрана на пристапување кон вооружени конфликти надвор од државната територија во март 2015, Србија донесе амандмани поврзани со странските борци во својот Кривичен законик во октомври 2014
39 Република Македонија, Кривичен законик. Член 394-а. Пристапено 5 ноември, 2016. https://www.unodc.org/res/cld/document/mkd/1996/criminal_code_html/FYROM_Criminal_Code.pdf стр.155-157
40 Управа за финансиско разузнавање „Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот“. Пристапено 10 февруари, 2016. http://ufr.gov.mk/files/docs/Zakon.pdf
41 Член 322-а

странски групи, до 1-10 години за регрутирање на таквите групи[42], додека во Косово е повисока и достигнува и до 15 години затвор[43].

Овие законски одредби не се однесуваат на лицата носители на државјанство од земјите во чии воени или полициски формации учествуваат, или пак на македонските државјани кои земаат учество во воена формација под контрола на меѓународно призната влада или меѓународна организација.

Сепак, борците кои им се приклучуваат на умерените бунтовници во Сирија, како оние што им се приклучија на армиите на Националната коалиција на сириските револуционерни и опозициски сили, кои се признаени како легитимен претставник на сирискиот народ од 89 земји, но не и Македонија, ќе се соочат со истите правни последици како оние што се приклучуваат на екстремистички групи. Важно е законодавството да биде флексибилно и во тек со најновите случувања од боиштата во светот кога станува збор за појавата на странски борци, поради сложеноста на ситуацијата. Постојат неколку случаи каде јавните обвинители на земјите од ЕУ дури и им дозволија на своите граѓани да се приклучат на групи коишто се борат против ИСИС, во еден од овие случаи неколку членови од моторцискатa група од Холандија, наречена „Нема предавање" им се приклучија на курдските сили Пешмерга во Ирак[44].

Со цел да се спречат идните странски борци да се придружат на борбите, македонските власти не дозволуваат патувања надвор од земјата на лица за кои постои сомневање дека имаат врски со странски екстремистички групи. [45]

Стратегиите на Македонија и другите земји од Западен Балкан, претежно се фокусираат на извршната и судската власт, со малку или воопшто внимание кон заедниците односно пошироките општествени чинители. Ова претставува предизвик, бидејќи не вклучува спречување на радикализацијата, туку се занимава во главно со последиците од неа. Вклучување на заедницата е потребно за изнаоѓање на коренот на проблемите, добивање увид во тоа зошто луѓето тргнуваат по насилни екстремистички патишта, како и можност да се работи на спречување на радикализацијата.

---

42 Кривичен закон на БиХ член 162-б. Пристапено на 28 април, 2016. Http://www.coe.int/t/dlapil/codexter/Country%20Profiles/Legislation/BiH%20Criminal%20Code%20Article%20162b%20-%20draft.pdf

43 Конгресна библиотека. „Третматот на странските борци во одредени законодавства: Национални анализи.“ Пристапено 28 април, 2016 https://www.loc.gov/law/help/foreign-fighters/country-surveys.php#_ftn162

44 Австралијан „Холандски и германски моторциски банди им се придружуваат на Курдите во борбата против ИСИС”. Пристапено 20 април, 2016. http://www.theaustralian.com.au/news/world/the-times/dutch-and-german-biker-gangs-join-the-kurds-in-the-battle-against-isis/news-story/1db5987bd89956ce78f39405a38387e0

45 МВР, Информација добиена со примена на законот за пристап до информации од јавен карактер испратена на 22.03.2016, барање бр. 7410/2.

3.3 Институционален одговор

3.3.1 Министерство за внатрешни работи (МВР)

Министерството за внатрешни работи (МВР) во Македонија е задолжено за спроведувањето на законите поврзани со борбата против насилниот екстремизам, што ги чини најголемиот удел од напорите превземени за борба против насилниот екстремизам од страна на македонските власти. **Управата за безбедност и контраразузнавање** (УБК), контраразунавачката агенција во земјата, е одговорна за собирање информации и набљудување на лица за кои постои сомнение дека на било кој начин го поддржуваат насилниот екстремизам, дека се имаат придружено кон борби, дека планираат да се придружат кон борби или дека вршат регрутација за терористички групи.

Според советник во МВР, институционален предизвик е што во моментов МВР се премногу фокусирани на прибирање разузнавачки податоци преку СИГИНТ (собирање податоци преку пресретнување сигнали), и затоа имаат недостаток на капацитет за ХУМНИТ[46] (собирање податоци од човечки извори). ХУМИНТ пак е многу значаен за борбата против насилниот екстремизам. Дополнителен предизвик е недостатокот на персонал кој зборува арапски, што може да биде голема пречка при собирањето и анализа на информации.[47]

Македонското МВР се чини дека е чекор зад своите колеги од Косово. МВР на Косово на пример ја разви својата стратегија за борба против насилниот екстремизам во консултација со релевантни граѓански организации, што не беше случај со Македонија. Тоа е позитивен знак дека косовските власти ги препознаа граѓанските организации како рамноправен партнер во борбата против насилниот екстремизам и високо го оценија нивниот придонес.[48] Кај косовските власти исто така наидовме на подобар одзив во врска со ова прашање и поголема транспарентност во делувањето. Канцеларијата за информации на косовската полиција на нашите прашања поврзани со борбата против насилниот екстремизам одговараше на доста транспарентен начин, преку е-маил, за кратко време, додека добивање на каква било информација од МВР на Македонија се покажа како многу тежок процес.

46 Интервју со советник од МВР, извршено на 22 декември, 2015 .
47 Интервју со Синиша Алексовски, советник за безбедност при кабинетот на Претседателот, извршено на 21 декември, 2015.
48 Интервју со Љуљзим Печи, извршен директор на КИПРЕД. Извршено на 19 февруари, 2016.

3.3.2 Управа за безбедност и контразузнавање (УБК)

Македонската контраразузнавачка служба (УБК) е многу значајна од аспект на спроведување на законите за борба против насилниот екстремизам во смисла на вршење активности поврзани со заштита од тероризам, главно преку собирање на домашни разузнавачки податоци. За УБК е важно да добие квалитетна информација за намерите на лицата кои се поврзани со или имаат афинитети кон насилен екстремизам, и дали тие воопшто претставуваат конкретна закана за националната безбедност.

Особено е важна мисијата УБК на следење на активностите на странските борци кои се вратија во Македонија пред донесувањето на законот за криминализирање на учество во странски војски во 2014 година. Повеќето странски борци се вратија пред усвојувањето на овој закон. Бидејќи овие лица не може да бидат изведени пред суд, УБК само може да ги следи нивните активности и нивните социјалните кругови за да утврди дали претставуваат закана[49].

Покрај репресивната и реактивна страна, УБК исто така во помала мера во изминатиот период работела и на спречување на проблемот, при што поединци биле разубедувани да не се приклучуваат на странските екстремистички групи и тоа преку разговор со нивните семејства, па дури и преку контакт со потенцијалните странски борци. Па така досега успеала да спречи 6 лица.[50] Сепак, управата не може да биде единствениот одговорен субјект во спречувањето, така дури и во самата УБК постои консензус дека недостига разбирлива стратегија за превенција и од страна на останатите надлежни институции[51]. Официјални лица од УБК тврдат дека по ова прашање имаат многу солидна соработка со другите безбедносни институции од Македонија, и велат дека се во постојан контакт со другите институции за да ги информираат за можни закани. На пример во минатото го имаат известено Министерството за образование дека неколку професори од основните и средните училишта се поврзани со локални екстремистички групи[52] и со тоа претставуваат потенцијална опасност за индоктринизација на своите ученици. Интересно е да се напомене дека УБК имала дискусии по прашања поврзани со борбата против насилниот екстремизам со градоначалникот на Скопје, но не и со градоначалниците на најранливите општини, како на пример општината Чаир[53]. Таквите дискусии треба се охрабруваат, бидејќи би можеле да доведат до подобра соработка, размена на информации и превентивно делување.

49 Интервју со висок службеник на УБК. Извршено на 19.07.2016
50 Ибид.
51 Ибид.
52 Ибид.
53 Ибид.

3.3.3 Национален коодринатор за борба против тероризмот

Со цел подобро да се одговори на сложеноста на борбата против тероризмот и екстремизмот, македонските власти основаа координативно тело за борба против тероризмот. Координативното тело е осмислено како независен орган којшто ќе работи на борбата против тероризмот и ќе има вработени од различни институции (МВР, Агенцијата за разузнавање, Воената разузнавачка служба, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Јавното обвинителство) кои работат во него и разменуваат знаења, искуства и информации[54]. Ова тело ќе работи на препознавање на облиците на терористичките закани за Македонија и ќе одлучува какви мерки треба да се преземат како одговор.

На 15. март 2016 година од страна на Владата беше одобрена Националната стратегија за борба против тероризмот. Главен предизвик може да биде фактот што не постои посебна стратегија за борба против насилниот екстремизам бидејќи координативното тело за борба против тероризмот ја сместува борбата против насилниот екстремизам во рамките на општата стратегијата за борба против тероризмот. Овој пристап на секјуритизација на проблемот може да се покаже како препрека за долгрочните напори за борбата против насилниот екстремизам. Понатака не се забележани значителни напори за „разбивање на митовите“ и за подигање на свеста по однос на ова прашање, што исто така беше забележано во извештајот на Стејт департментот за државата во врска со тероризмот од 2015 година.[55]

Позитивно е тоа што во стратегијата постојат планови за вклучување и на други релевантни државни институции, како Министерството за образование, Министерството за труд и социјална политика, граѓанското општество и верските институции во акциониот план на кој работи ова тело. Тоа е охрабрувачки знак, бидејќи ја признава важноста на овие субјекти. Исто така, охрабрувачки е тоа што властите имаат намера да работат со “ненасилни радикали”, кои можат да бидат од голема помош во процесот на борба против насилниот екстремизам. Друг позитивен развој е тоа што националното координативно тело за борба против тероризмот исто така планира да препорача мерки за ресоцијализација и реинтеграција на насилните екстремисти, како и едукација на државните службеници кои работат во

54 Интервју со Тони Јакимовски, поранешен Национален координатор за борба против тероризам, направено на 03.05.2016

55 Стејт Департмент на САД. Биро за борба против тероризам и за борба против насилен екстремизам. „Државни извештаи за тероризам 2015“. Пристапено на 13.07.2016. Достапно на http://www.state.gov/j/ct/rls/crt/2015/257516.htm

секторот за образование и воспитно-поправните установи. Во моментов позицијата на директор на националното координативно тело за борба против тероризмот е испразнета, а нема информации за тоа дали ќе се пополни во скоро време.

Акцијата „Ќелија“

Македонските власти како дел од борба против насилниот екстремизам спроведоа операција наречена „Ќелија“.[56] При оваа акција на 6. август, 2015г. беа уапсени 9 лица под сомнение за организирање и регрутација на борци за странски војски. Дополнителни 27 лица беа недостапни, а за 20 се смета дека ѝ се придружиле на ИСИС во Сирија. МВР изврши рации во Скопје, Гостивар, Тетово, Куманово и Струга. Пребараа неколку приватни куќи, НВО-и, интернет кафе и џамија. Уапсија и оца кој според полицијата е личноста којашто стои зад регрутирањето на борци за екстремистичките групи. Полицијата за време на рациите исто така заплени одреден број предмети, како на пример, десктоп компјутери, лаптопи, таблети, мемориски картички, пиштол, патни исправи и слични предмети.

Истиот ден со акцијата „Ќелија“, Американската амбасада во Скопје ја изрази својата поддршка, тврдејќи дека оваа акција претставува значаен придонес за регионалните и глобалните напори да се стави крај на тероризмот. Исто така изјавија дека според информациите кои ги имаат, ова била долго и внимателно подготвувана акција од страна на полицијата во согласност со новите измени на законот за анти-тероризам[57].

Од пресудно значење за оваа акција беше нејзиното внимателно извршување, бидејќи во Македонија меѓуетничките односи се се’ уште ранливи и секаков вид неправда кон одредена верска група може да биде проблематична и да создаде тензии. Во оваа насока беше и изјавата на ИВЗ, со која ја поддражаа борбата против насилниот екстремизам, потсетувајќи ги сите дека ИВЗ треба да биде сметана за партнер во оваа борба, истовремено внимателно предупредувајќи ги македонските власти да не ја политизираат агендата по

56 24 Вести „Полициска акција ‘Келија’ на МВР, уапсени 9 терористи, 27 се во бегство“, 6 август, 2015. Пристапено 26 јули, 2016.
http://24vesti.mk/policiskata-akcija-%E2%80%9Ekjelija%E2%80%9C-na-mvr-uapseni-9-teroristi-27-se-vo-begstvo

57 Телма „Амбасадата на САД во Македонија ја поздравија акцијата ‘Ќелија’ 6 август, 2015. Пристапено 15 јануари, 2016.
http://telma.com.mk/vesti/ambasada-na-sad-vo-makedonija-ja-pozdravi-akcijata-kjelija

однос на ова прашање.[58] При апсењата на 6. август 2015, беа пронајдени и уапсени уште шест осомничени, последниот на 21. октомври 2015г.[59]

На 9. јули 2016г. МВР започна акција наречена „Ќелија 2“ и уапси четири лица под сомнение дека учествувале во странски паравоени организации[60]. Осомничените беа на возраст од 23-38 год. и се имаа стекнато со воено искуство за време на нивниот престој во Сирија, што може да претставува закана за безбедноста на Македонија и на регионот. Една од забелешките за акцијата е бавноста во иницирањето на истата. ИВЗ уште од август 2014 бара полициска поддршка, откако јавно призна дека нема контрола врз неколку џамии во Македонија и дека во овие џамии започнале да дејствуваат радикални проповедници[61]. Властите од другите земји од регионот отпочнаа акции за сузбивање на мрежите за регрутација година дена пред Македонија. Косовските власти на 11. август 2014 уапсија 40 лица под сомнение за вмрежување со ИСИС и ал-Нусра[62], додека босанските власти на 3. септември 2014г.[63] уапсија 15-мина под сомнение за финансирање терористички активности и регрутација на борци. Во овој период се зголемуваше критиката кон македонските власти за непреземање соодветни репресивни мерки. Уште една критика беше недостатокот на транспарентност во разрешницата на акцијата „Ќелија“. На јавноста ѝ беа понудени само ограничен број информации во врска со судењето на сомничените. Недостатокот на транспарентност недвосмислено може да доведе кон непотребен сомнеж кај населението околу мотивите зад акцијата, сеејќи страв меѓу луѓето дека може да се работи за политички мотивиран процес.

58 Гласот на Америка на македонски јазик. Реакции на операцијата „Ќелија“. 07.08.2015. Пристапено на 15.01.2016. Достапно на http://mk.voanews.com/content/article/2906454.html
59 Телма. „Полицијата уапси македонски припадник на ИСИС“.21 октомври, 2015. Пристапено 15 јануари, 2016. http://telma.com.mk/vesti/policijata-uapsi-makedonski-pripadnik-na-isis
60 Вечер. „Детали за операцијата ‘Ќелија 2“. 9 јули, 2016. Пристапено 9 јули, 2016. http://vecer.mk/makedonija/detali-za-kjelija-2-eve-koi-se-uapsenite-pominale-voeno-teroristichka-obuka-vo-sirija
61 24 Вести. „ИВЗ не контролира две џамии, бара помош од МВР“. 19 август, 2014. Пристапено 16 јануари, 2016. http://24vesti.mk/ivz-ne-kontrolira-dve-dzamii-bara-pomosh-od-mvr
62 Би-Би-Си. Косовската полиција уапси осомничени милитанти за учество во војната во Ирак и Сирија 11.08.2014. Пристапено на 18.01.2016. Достапно на http://www.bbc.com/news/world-europe-28739084
63 Дојче Веле. Босанската полиција уапси повеќе од десетина луѓе за поддржување на тероризмот во Ирак и Сирија. 03.09.2014. Пристапено на 18.01.2016. Достапно http://www.dw.com/en/bosnia-police-arrest-more-than-a-dozen-for-supporting-terrorism-in-iraq-syria/a-17896851

Судењето за „Ќелија“

На 25. март 2016, 6 од осомничените во акцијата „Келија“ добија затворски казни. Сите шесторица се изјасниј за виновни и постигнаа спогодба со обвинителството. На 16 мај, пет други осомничени (Иса Фуга, Абдула Абдулахи, Ерол Рустеми и Стефан Стефановски) исто така се изјасниј за виновни, и покрај првичата изјава за невиност. Подолу се профилите на 11-те осудени лица.

Реџеп Мемиши, 36, оџа во озлогласената џамија Тутунсус од Скопје. Осуден на 7-годишна затворска казна за регрутација за странски паравоени организации согласно член 322 од Кривичниот законик. Мемиши, женет со две деца, претходно нема кривично досие. Се смета за главен врбувач за ИСИС за Македонија.

Ахмет Дарлишта, 32-годишен државен сужбеник, осуден на пет и пол години затворска казна за организирање и фининсирање на регрутација и превоз на борци за странски паравоени организации согласно согласно член 322 од Кривичниот законик.

Сејфула Евдемовски, 32-годишен, осуден на 5 години затвор за логистичка поддршка и обид за учество во странски паравоени организации согласно член 322 од Кривичниот законик. Се обидел да ѝ се приклучи на војната во Сирија, но бил пресретнат на аеродромот во Истанбул и депортиран во Македонија.

Ресуљ Саити, 22-годишен и најмлад меѓу осудените. Осуден е на затворска казна во траење од 5 години поради логистичка поддршка на македонски граѓани кои се приклучиле во војната во Сирија, согласно член 322-а од Кривичниот законик.

Фазли Суља, 23-годишен златар, осуден на 5-годишна затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322 од Кривичниот законик. Патувал во Сирија преку аеродромот во Скопје на 21 февруари 2015. Прикачувал слики од својот престој на своите профили на социјалните мрежи.

Мухамед Шеху, 27 годишен, невработен, од Гостивар, осуден на 5-годишна затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322 од Кривичниот законик. Нема претходноо криминално досие. Исто како Фазли Суља, прикачувал слики од својот престој на своите профили на социјалните мрежи.

Иса Фуга, 24-годишен од Скопје, нема претходно досие. Осуден на 4-годишна затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322-а од Кривичниот законик.

Абдула Абдулахи, 27-годишен од Тетово, жене, татко на пет деца. Без криминално досие. Осуден на три години и едем месец затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322-а од Кривичниот законик.

Ерол Рустеми, 36-годишен, невработен, осуден на 6 години затворска казна за организирање превоз на странски борци и за учество во странска паравоена организација согласно член 322-а од Кривичниот законик.

Мухамед Имери, 38-годишен таксист од Скопје Осуден на 2 години затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322-а од Кривичниот законик.

Стефан Стефановски е единствениот етнички Македонец осуден во случајот „Ќелија". 32-годишен лекар. За време на судењето се повикува на Хипократовата заклетва изјавувајќи дека нема ништо лошо во пружањето медицинска помош на луѓе, независно од нивната вероисповест, раса и националност. Осуден на двегодишна затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322-а од Кривичниот законик.

Фазли Суља, 23-годишен златар, осуден на 5-годишна затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322 од Кривичниот законик. Патувал во Сирија преку аеродромот во Скопје на 21 февруари 2015. Прикачувал слики од својот престој на своите профили на социјалните мрежи.

Мухамед Шеху, 27 годишен, невработен, од Гостивар, осуден на 5-годишна затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322 од Кривичниот законик. Нема претходноо криминално досие. Исто како Фазли Суља, прикачувал слики од својот престој на своите профили на социјалните мрежи.

Иса Фуга, 24-годишен од Скопје, нема претходно досие. Осуден на 4-годишна затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322-а од Кривичниот законик

Абдула Абдулахи, 27-годишен од Тетово, жене, татко на пет деца. Без криминално досие. Осуден на три години и едем месец затворска казна за учество во странски паравоени организации согласно член 322-а од Кривичниот законик.

Ерол Рустеми, 36-годишен, невработен, осуден на 6 години затворска казна за организирање превоз на странски борци и за учество во странска паравоена организација согласно член 322-а од Кривичниот законик.

Извори: www.akademik.mk[64]; www.faktor.mk[65]

Разноликоста на профилите на обвинетите во случајот „Ќелија" покажува дека патот на насилниот екстремизам не е карактеристичен само за определени профили луѓе, со одредено минато. Ова во одредена мера ја разбива претпоставката дека насилните екстремисти и странските борци потекнуваат од сиромашните слоеви, недоволно се образовани и имаат криминални досиеја. Гледаме дека овие карактеристики не се правило, и покрај тоа што се точни во одредени случаи. Фактот што има доктор, државен службеник, златар, многу повозрасни и многу млади луѓе, покажува дека е погрешно да се прават стереотипи за одредена категорија луѓе.

64 Академик. "Случај 'Ќелија': Казни затвор од 5 до 7 години за признание за учество во паравоена формација. 25 март, 2016. Пристапено 25 март, 2016. http://www.akademik.mk/sluchaj-kjelija-kazni-zatvor-od-5-do-7-godini-za-priznanie-za-uchestvovo-paravoena-formatsija/

65 Фактор. "Случај 'Ќелија': Ќе се оценува дали ќе има судење за осомничените исламски врбувачи" 25. Март 2016. Пристапено 25 март, 2016. http://faktor.mk/2016/03/25/sluchajkelija-ke-se-otsenuva-dali-ke-ima-sudene-za-osomnichenite-islamski-regrutatori/

3.3.4 Агенција за разузнавање

„Агенцијата има воспоставено и постојано работи на развивање соодветни механизми за спречување, пресретнување, рано откривање и проценка на ризик“. Ги известува државните органи во Република Македонија за процесите што претставуваат закана по постојаните определби и виталните принципи како и по националната безбедност, а со цел да се воспостави стабилна и сигурна средина и одржлив долгорочен развој“.

Извор: Интернет страна на Агенцијата за Разузнавање http://ia.gov.mk/nadelzni.html

Агенција за разузнавање (АР) е македонската агенција за собирање информации вон територијата на Македонија и тоа информаци од важност за безбедноста на земјата. АР е вклучена во борбата против насилниот екстремизам и собира информации за македонски државјани кои патуваат со цел да им се приклучат на странски воени или паравоени формации и меѓу другото го проценуваат и ризикот на странските државјани поврзани со екстремистички групи да патуваат кон Македонија. Доста е важно соработката на АР со УБК и МВР да биде на соодветно ниво, за последниве да можат навремено да постапуваат по сознанијата прибавени од АР.

АР со години ја следи самата динамика на радикализација и радикализацијата на насилниот екстремизам и со таа цел има основано засебно одделение. АР добива информации преку билатерална соработака со партнерските и пријателските агенции и со мултилатерална размена меѓу разузнавачката заедница во југоисточна Европа[66]. Кога АР ќе добие дојава за македонски граѓанин во Сирија им ја пренесува информацијата на УБК и МВР, доколку е тоа дозволено во рамките на правилата на работа и споделување информации со странските агенции.

Според АР, споделувањето информации за странските борци и насилните екстремсти во регионот е на солидно ниво, што не може да се каже за споделувањето на друг вид информации.[67]

66 Интервју со вработен во АР. Извршено на 23 март, 2016
67 Ибид.

3.3.5 ОБСЕ

Од 2011 година, Мисијата на ОБСЕ во Скопје го поддржува зајакнувањето на капацитетите на Министерството за внатрешни работи во борбата против тероризмот, преку обезбедување курсеви и обука во клучните области, вклучувајќи ги и "спречување на радикализација и регрутирање на потенцијални терористи".

На крајот на 2014 година, ОБСЕ во Македонија започна со реализација на проект кој се фокусира на рано откривање на радикализација. Проектот се базира на полициското работење во заедницата и спречување на радикализацијата, проект кој е започнат уште од 2010 година со цел да се помогне развојот на алатки за справување на насилниот екстремизам преку рано откривање на радикализација. За тие намени беше создадена и работна група која се состоеше од УБК и униформирана полиција. Според ОБСЕ, позитивно е тоа е што УБК и униформираната полиција работеа заедно. Оваа работна група состави и прирачници и упатства за препознавање на знаци на радикализација наменети за оние кои први треба да одговорат на предизвикот.[68]

Проектот се фокусира на обука на полициските службеници кои ќе продолжат да ги учат своите колеги и ќе го споделат знаењето што го добиле. Препознавањето на радикализација во раните фази е од клучно значење бидејќи така е многу полесно да спречат некого од извршување на акти на терор, доколку тоа лице е сè уште во раната фаза на радикализација. Ова е фазата каде што поединците сè уште не извршиле никаков чин на насилство и тие дури и можеби не ни размислуваат да тргнат по патот на насилството. Важно е да овие лица не се третираат како терористи или да бидат дискриминирани и да бидат изолирани. Наместо тоа, фокусот треба да биде кон помошта да развијат вештини за критичко размислување, што може да им помогне да се спротивстават на радикални гледишта од кои биле привлечени.

Четири тренери и дваесет високи полициски службеници од МВР земаа учество во едногодишната обука во рамките на програмата за полициското работење во заедницата и спречување на радикализацијата. Ова е позитивен исчекор, бидејќи овие 24 лица добија соодветна обука за препознавање потенцијални знаци на тероризам и екстремизам во заедниците во кои работат.

За жал, во моментот ОБСЕ во Скопје не е вклучена активно во локалните заедници односно не со истиот интензитет како што тоа беше порано, но постојат планови за понатамошно вклучување . ОБСЕ има намера да го прошири својот проект како би ги опфатил сите столбови на заедницата, како

68 Интервју со Виш полициски советник за обуки во ОБСЕ, направено на 16.12.2015

што се верските лидери, наставниците и родителите.[69] Ова е многу значајно, бидејќи е од клучно значење да се вклучат заедниците во целина, со цел да се вклучат самите заедници во идентификувањето и разбирањето на проблемите и заедно да работат на превентивни мерки и решенија, кои најдобро ќе и одговараат на одредена заедница. Исто така е важно да се постигне чувство на доверба помеѓу спроведувачите на законот и на заедницата.

3.3.6 Министерство за надворешни работи

Министерството за надворешни работи, исто така, има важна улога во процесот на Спротивставување на насилен екстремизам (СНЕ). Комплексноста на радикализација значи дека напорите околу СНЕ треба да се координират помеѓу земјите затечени од ова прашање и преку регионална соработка и како дел од глобалната стратегија. Државите треба да работат како на билатерален така и на мултилатерален план за поддршка и зајакнување на борбата против тероризмот и капацитетите за СНЕ како и на размена на добри практики и научени лекции во решавањето и минимизирањето на заканата. Во однос на ова, се очекува дека МНР ќе се приклучи на сите регионални иницијативи и ќе работи на подобрување на соработката во регионот во однос на СНЕ.

Во рамките на МНР, Секторот за меѓународна и регионална/безбедносна соработка е одговорен за соработка со земјите од регионот на тема СНЕ. На состаноците на Јадранската повелба[70], на која Македонија е членка, прашањето на странските борци и СНЕ е секогаш високо на агендата.[71] Македонија е членка на Западно Балканската иницијатива за борба против тероризмот, иницијатива на ЕУ чија цел е да се "елиминира понатамошното удвојување и преклопување во борбата против тероризмот и екстремистичките активности во регионот на Западен Балкан".[72]

Македонија е исто дел од коалицијата предводена од САД против ИСИС. Сепак, нема доволно информации за тоа како Македонија придонесува кон оваа коалиција. Македонија исто така се приклучи кон санкциите на ЕУ против

69 ибид.

70 Јадранската повелба (Адриатик 5) е основана на 2 мај 2003 година која во моментов како земји членки ги има Хрватска, Македонија, Албанија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Оваа група на земји има за цел помагање на НАТО интегративните процеси. Во меѓувреме, Албанија и Хрватска и официјално се приклучија кон НАТО на 1 април 2009 година.

71 Интервју со Вилма Петковска, Помошник Директор, Директорат за политичко безбеднона соработка во Министерството за надворешни работи на РМ, направено на 15.12.2015

72 Совет на ЕУ. „Иницијативи за борба против тероризмот на ЕУ Западен Балкан: интегративен план за работа“ 04.12.2015. Пристапено на 21.12.2015. Достапно на http://www.statewatch.org/news/2015/dec/eu-council-western-balkans-antiterrorism-13887-15.pdf

сириската влада и се согласи за рестриктивни мерки[73]. Другите балкански земји како Албанија[74] и Хрватска,[75] во изминатиот период поактивно се вклучија во однос на глобалните напори по ова прашање како на пример информациите дека испраќаат оружје за бунтовниците во Сирија.

3.3.7 Исламска Верска Заедница (ИВЗ)

Верските лидери се од клучно значење за СНЕ бидејќи честопати тие се луѓе на кои им се верува и имаат прифатлив статус во заедниците, како во правец на односите во заедницата, така и во однос на нивното физичко присуство, и можат да советуваат и да го поддржуваат развојот на соодветни иницијативи за СНЕ. Тие, исто така, можат да препорачаат веродостојни соговорници кои можат да учествуваат во нив[76]. Поради тоа е важно за верските водачи да бидат активно вклучени во нивните заедници и да шират контранарации. Верските лидери исто така треба да работат со институциите на развојот на соодветни стратегии за контра-радикализација. Во оваа фаза, важно е да државните институции ја признаат важноста на соработката со верските водачи во соодветните заедници.

ИВЗ е официјалната Исламска верска заедница во Македонија. Тие пропагираат против користењето на насилството во името на било која религија. ИВЗ е активна во однос на гласноговорење против приклучување кон насилни групи, и има развиено предлог проект за спречување на радикализацијата и тероризам во соработка со хуманитарната организација Хилал. Стратегијата на проектот е зајакнување на умерените ставови преку кревање на јавната свест и досегање до муслиманската заедница во Македонија, а во исто време да се работи на ресоцијализација на поранешните странски борци. Проектот има за цел да се спротивстави на наративот на "искривена верзија на исламот" проповедан од радикали. ИВЗ веруваат дека зајакнувањето на верскиот глас кој го пренесува она што според нив е вистинската порака на Исламот на муслиманите во Македонија, треба да биде прва и најитна

73 Службен весник на Република Македонија. Број 133, 26.09.2013. Пристапено на 02.19.2016. Достапно на http://www.slvesnik.com.mk/Issues/0d60d644027547028dfcbd154fbf180e.pdf.
74 Балкан Инсајт. Албанија почна да им пренесува оружје на ираките Курди (Albania starts shifting weapons to Iraqi Kurds). 27.08.2014. Пристапено на 19.02.2016. Достапно на http://www.balkaninsight.com/en/article/albania-starts-delivery-of-weapons-to-iraqi-kurds
75 Телеграф (The Telegraph). САД и Европа со голем авио-транспорт на оружја до сириските бунтовници преку Загреб (US and Europe in major airlift of arms to Syrian rebels through Zagreb). 08.03.2013. Пристапено на 20.02.2016. Достапно на http://www.telegraph.co.uk/news/worldnews/middleeast/syria/9918785/US-and-Europe-in-major-airlift-of-arms-to-Syrian-rebels-through-Zagreb.html
76 Хедаја. “Улогата на семејствата и заедниците во зајакнувањето на отпорноста на заедницата против насилниот екстремизам”. Мај 2014. Пристапено на 20 февруари, 2016.

интервенција во муслиманските заедници[77]. Предлог-проектот содржи и елементи на поддршка за семејствата кои имаат член приклучен на странски војски. Овие семејства се соочуваат со голем психолошки товар и социјално исклучување од заедницата. Последниот столб на проектот е олеснување на реинтеграцијата на странски борци во општеството кои се вратени во Македонија. Овој проект сепак никогаш не доби финансиски средства и е ставен во мирување во моментот. Претставниците на ИВЗ покажаа загриженост дека државните органи не соработуваат со нив во врска со СНЕ и дека биле поканети на само една средба во врска со СНЕ [78] (со претседателот Иванов). Според нив, високата стапка на невработеност и целокупната лоша економска ситуација на младите во Македонија е една од причините кога станува збор за радикализацијата. Во ситуација кога младите луѓе не гледаат надеж за подобро утре, тие стануваат полесна цел за манипулација. [79]

3.3.8 Организациите на граѓанското општество

Граѓанскиот сектор стекнува признание како важен чинител во спротивставувањето на насилниот екстремизам, бидејќи ги согледува и работи на справување со условите кои го прават полесно ширењето на насилни идеи, додека во исто време имаат можност да дејствуваат како посредници помеѓу цивилното население и властите, особено во областите каде што има недостаток на јавна доверба во државните институции. Граѓанскиот сектор може да делува како надгледувач на стратегијата за СНЕ, бидејќи владите можат, и покрај нивните добри намери, сериозно да ги прекршат човековите права и слободи со прекумерна употреба на тактики за СНЕ.

Организациите на граѓанското општество не се за застапување, туку за учество и канализирање на различни гласови во општеството. Тие можат да создадат платформи за дијалог и да обезбедат инклузивност која и е потребна на општеството, како одговор на исклучувањето кое може да доведе до насилна радикализација.

Заклучок од стручниот натпис "Ангажирање на граѓанското општество во борба против насилниот екстремизам" на Меѓународниот центар за борба против тероризмот, Хаг

Граѓанските организации во Македонија, за разлика од оние на пример во Косово, не се активно и целосно признати од страна на државните институции како релевантни партнери во СНЕ. Поради ова, речиси и да нема вклучување на граѓанскиот сектор во овој процес. Мора да се напомене дека

77 Спречување на радикализацијата и вклученост во тероризам (STOP radTerr) Предлог-проект. Хуманитарна Организација Хилал
78 Интервју со висок службеник на ИВЗ во Македонија. Извршено на 17 февруари, 2016
79 Ибид

бројот на граѓански организации кои работат на ова прашање во Македонија исто така е многу ограничен. Па така постои недостаток на познавање за ова прашање во рамките на самите граѓански организации. Се чини дека Аналитика Тинк Тенк е единствената организација во земјата која обезбедува увид и прави истражување за проблематиката поврзана со СНЕ во Македонија.

3.3.9 Единиците на локалната самоуправа

Спротивставувањето на насилниот екстремизам бара стратегија на "ангажирање и зајакнување на поединци и групи на локално ниво за да се развие отпорност против насилниот екстремизам".[80] Локалните заедници имаат клучна улога во препознавање и спротивствувањето на насилниот екстремизам, бидејќи тоа им се случува во нивните маала на луѓе кои се нивни роднини, нивни пријатели и луѓе кои ги познаваат. Затоа е неопходно на заедниците да им се обезбедат вистинските алатки и вештини, така што тие ќе можат исто така да се справат со оваа закана која и се заканува на нивната заедница.

Локалните власти во Македонија, за жал, немаат никакви иницијативи кога станува збор за СНЕ. На пример Локалните совети за превенција кои се поставени во општините не функционираат правилно; состаночат нередовно, а и кога ќе се соберат, прашањето на СНЕ не е на нивната агенда.

80 Белата Куќа. “Зајакнување на локалните партнери за спречување на насилниот екстремизам во Соединетите Држави”. Август 2011. Пристапено на 15 април, 2016. https://www.whitehouse.gov/sites/default/files/empowering_local_partners.pdf

4. Регионална соработка

Овој дел ја разгледува регионалната динамика на прашањето на странските борци и радикализацијата која може да доведе до насилен екстремизам. Таа ја нагласува важноста на регионалната соработка покажувајќи колку е взаемно поврзан регионот кога станува збор за оваа закана. Овој дел, исто така се фокусира на локалните специфики на земјите од регионот.

Заканата од зголемената радикализација и странските борци е загриженост која ја делат сите земји од Западниот Балкан. Поради глобалната природа на насилниот екстремизам, не е возможно за земјите сами да се справат со овој проблем. Зголемената радикализација не е само прашање на националната безбедност за одделни земји; таа, исто така, се заканува и на регионалната стабилност преку натамошно поларизирање на (верските) поделби во регионот нарушени од кревките меѓуетнички односи.

Ова е причината зошто е потребна регионална соработка на сите нивоа за успешна борба против радикализацијата и регрутирањето на странски борци. Ова е особено точно во регион како Западниот Балкан, каде што земјите имаат слични безбедносни проблеми. Властите во регионот, исто така, се соочуваат со заеднички предизвици настрана од проблемот со странските борци, како што се организираниот криминал и корупцијата, национализмот, високата стапка на невработеност особено кај младите, и многу повеќе. Позитивен развој е тоа што се чини дека целиот регион е на истата страница, кога станува збор за правење напори за борба против феноменот на странски борци и насилниот екстремизам. Земјите од регионот направија измени во своите Кривични Законици на сличен начин, како и други правни механизми кои дозволуваат интервенција во насока на искоренување на регрутирањето и учеството на нивните државјани во вооружени конфликти во странство. Во исто време, сите лидери од регионот се заложија за преземање на енергични чекори за борба против ИСИС.

Беа одржани неколку состаноци на високо ниво каде што беа вклучени надлежни тела од регионот на оваа тема. На 1-ви октомври 2015 година, министрите за надворешни работи на земјите од Југоисточна Европа имаа неформална средба во Њујорк, на маргините на Генералното собрание на ООН, каде што се согласија да ги координираат своите активности против насилниот екстремизам. Исто така го прифатија и предлогот на Советот за Регионална Соработка за формирање на платформа за регионална соработка против насилниот екстремизам и феноменот на странските борци[81].

81 Нова ТВ. “ Земјите од ЈИЕ заеднички ќе се борат против насилниот екстремизам и тероризам. Пристапено на 20-ти декември 2015. http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=5&vest=24678

Иако регионалните иницијативи се на место, при што некои од нив ги опфаќаат само земјите од регионот, а некои се протегаат и надвор од границите на регионот, постои потреба за поблиска соработка, но не само на политичко ниво, туку и на техничко ниво. Во извештајот од 5 мај 2014 година од Координаторот на ЕУ за борба против тероризмот при Советот на ЕУ, се наведува дека земјите од Западен Балкан имаат потреба од зголемена соработка. Во извештајот исто така се наведени можни иницијативи кои ќе ја поддржат зголемената регионална соработка[82]

Македонија и земјите од регионот се дел од "Иницијативата на ЕУ за Западен Балкан за борба против тероризмот: интегративен план за акција иницирана од страна на Советот на Европската Унија". Оваа иницијатива има за цел да се "елиминира понатамошно удвојување и преклопување во борбата против тероризмот и активности на насилен екстремизам во Западно Балканскиот регион"[83]. Оваа иницијатива се базира на претпоставката дека борбата против насилниот екстремизам на Балканот бара координиран пристап на сите заинтересирани страни кои се активни во регионот. И, како што земјите во регионот имаат ограничени ресурси за СНЕ, важно е исто така да ги користат овие ресурси на ефикасен начин. Иницијативата утврди неколку цели:

- **ЦЕЛ 1:** Да се подобри комуникацијата и размената на информации (оперативните/стратешки) помеѓу релевантните учесници во регионот;

- **ЦЕЛ 2:** Да се поддржи развојот на националните капацитети за Мрежата за развивање свесност за радикализација (МСР); превенција и стратешка комуникација во регионот со поддршка на експертиза на ЕУ за МСР;

- **ЦЕЛ 3:** Подобра идентификација на опасностите на границите, странските терористички борци како и пропустите во вршењето на оперативни мерки;

- **ЦЕЛ 4:** Спречување финансирање на тероризам;

- **ЦЕЛ 5:** Подобрување на аналитичките капацитети и ефикасноста на оперативните мерки;

82Советот на ЕУ „Странски борци и повратници од аспект на борбата против тероризмот, особено во однос на Сирија: состојба и предлози за идната работа.“ 5-ти мај, 2014. Пристапено на 20-ти декември, 2015. http://www.statewatch.org/news/2014/may/eu-council-coter-syrian-fighters-9280-14.pdf

83 Советот на ЕУ „ЕУ иницијатива за Западен Балкана за борба против тероризмот: интегративен план за акција“. 4-ти декември, 2015. Пристапено на 21-ви декември, 2015. http://www.statewatch.org/news/2015/dec/eu-council-western-balkans-antiterrorism-13887-15.pdf

- **Цел 6:** Да се постигне подобро разбирање на состојбата, недостатоците и потребите, со цел да се зголеми ефикасноста на активностите, да се приспособи планирањето и да се спречи преклопување и удвојување;

- **ЦЕЛ 7:** Подигнување на свеста и размена на најдобри практики за реинтеграција и рехабилитација;

- **ЦЕЛ 8:** Да се развие стратешка комуникација и капацитети за интернет следење;

- **ЦЕЛ 9:** Да се донесат/спроведат стратегии за СНЕ и борба против тероризмот, акциони планови и размена или употреба на добри практики кои ќе имаат влијание на многу од погоре наведените цели.

За секоја цел, постојат одредени активности и мерки кои треба да се преземат. Оваа иницијатива е важна, бидејќи се однесува на различни аспекти на процесот на СНЕ и работи во насока на надминување на пречките преку зајакнување на националните капацитети и зголемена и поефикасна регионална соработка.

4.1 Регионалната димензија на проблемот

Балканскиот регион во текот на последните две децении беше вклучен во формирањето и приклучувањето кон разни платформи за справување со транснационалниот криминал. Примерите ги вклучуваат мрежите на Интерпол, Европол, Светската царинска организација (СЦО), Југоисточно Европската советодавна група на обвинители (ЈЕСГО), Советот за регионална соработка (СРС) и Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), меѓу другите. Овие платформи функционираат во регионот, преку поддршка на реформите на безбедносниот сектор или како регионални платформи за воспоставување на дијалог помеѓу земјите. Покрај тоа, некои од нив, исто така, понекогаш служат за олеснување на меѓу-институционалната соработка и размена на информации, нешто што често пати се покажа дека е од клучно значење за справување со прекуграничните криминални активности.

Сепак, мора да се има предвид историјата на регионот и непријателствата кои се наследени по распадот на Југославија во раните 1990-ти, со серија на политички немири и конфликти кои регионот ги искуси. Мораше да бидат повторно воспоставени нови билатерални договори за соработка во областа на безбедноста со секоја нова земја која се осамостои. На пример, од 1996 година, Македонија и Србија потпишаа повеќе од 60 билатерални договори, од кои 53

веќе се спроведени[84]. Меѓу оние договори потпишани меѓу безбедносните институции на Србија и Македонија се и оние во однос на заедничка полициска патрола, која за прв пат се користи во 2013 година за време на летните месеци во градот Охрид, кога има зголемен број на српски туристи[85], и во текот на 2015 година, на граничниот простор меѓу Македонија и Србија, со цел за пресретнување на илегални преминувања на мигранти.[86]

Со прогласувањето на независност на Косово во 2008 Македонија мораше да изгради институционална соработка помеѓу двете земји, почнувајќи речиси од нула. Се уште се потпишуваат билатерални договори помеѓу двете земји. Најновиот беше потпишан во 2016 година, во однос на слободното движење со лични карти87. Еден друг беше потпишан во 2013 година, во врска со интегрирано гранично управување, кога се отвори првиот заеднички управуван граничнен премин помеѓу Косово и Македонија, преминот "Белановце - Станчиќ" (Кумановско).88 Со Албанија, поголемиот број на билатерални договори на Република Македонија беа потпишани многу порано; на пример, Интегрираното гранично управување и протоколите за заеднички полициски патроли и гранични премини се во употреба од 2012 година.89 Овој вид на билатерални договори меѓу соседните земји во регионот на Балканот се важни за борбата против транснационалниот организиран криминал и тие го отвараат патот за идните заеднички полициски операции, или во случајот на СНЕ, разбивање на потенцијалните прекугранични групи за регрутирање.

Соработката помеѓу македонските безбедносни органи и оние на Косово се смета како недоволно развиена и се соочува со доза на критики како во Приштина така и во Скопје. Имаше случаи на Косово, каде осудени странски борци користеле автобус од Косово до Скопје, а потоа авион од Скопје до Турција.90 Овие случаи минаа незабележано, бидејќи се чини дека постои недостаток на проток на информации во целина, а и тие малку информации коишто се споделуваат не се споделуваат навремено помеѓу безбедносните

84 Министерството за надворешни работи на Република Македонија, „Дипломатските односи со Србија" http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/nadvoresna-politika/bilateralni-odnosi/sosedstvo Последен пат пристапено на: 12.06.2016

85 Македонски и српски полицајци заедно патролираат низ Охрид http://bit.ly/1VUP44R, објавено на 19.07.2013

86 Српско-унгарски полициски патроли на границата меѓу Србија и Македонија http://www.novamakedonija.com.mk/DetalNewsInstant.asp?vestInstant=50074, објавено на 29.06.2015

87 Граѓаните на Македонија и Косово ќе ја преминуваат границата само со лична карта http://tv21.tv/mk/?p=79522, објавено на: 17.04.2016

88 МВР:Успешна реализација на концептот на интегрирано гранично управување http://vlada.mk/node/8326; 15.02.2014

89 Договор меѓу Советот на министри на Република Албанија и Владата на Република Македонија за отворање на заедничка граница "Џепчиште-Требиште" http://www.dogana.gov.al/sites/default/files/Marreveshje.pdf, 23.2.2012

90 Тројца Косовари осудени за тероризам http://koha.net/?id=27&l=105068; 25.03.2016

институции на двете земји. Ова може да се види со "Кумановските судири" од мај 2015 година кога вооружена група од Косово се судри со македонската полиција во градот Куманово. Претседателот Иванов тогаш изјави дека безбедносниот апарат во Македонија знаел за вооружена група уште на почетокот на 2015 година,[91], но не е јасно зошто тоа не беше преземено ништо и како кон овој случај беше постапено помеѓу Македонија и Косово, како и дали неуспехот од спречување се должи на слабата соработка.

91 „ Убиствата во Македонија ја влошија политичката криза"
http://www.dw.com/en/macedonia-killings-exacerbate-political-crisis/a-18443806, 11.05.2015

4.2. Спротивставување на насилниот екстремизам на Балканот

Повеќето од земјите на Балканот презедоа слични чекори кон градење на ефективен пристап за справување со феноменот на странските борци. На пример, секоја од земјите го криминализираше учеството во странски војни, Албанија[92] и Босна и Херцеговина[93] направија промени на Кривичните законици во 2014 година со цел да бидат во можност да ги гонат лицата кои учествуваат во вооружени конфликти надвор од границите на државата, Косово го криминализира учеството во вооружени конфликти надвор од границите на земјата во април 2015[94], додека Македонија усвои законски измени во септември 2014[95] година, но не презема конкретни активности до една година подоцна, во август 2015 година со полициската акција "Ќелија".[96]

Криминализацијата на учеството во странски војни беше проследено со слични интервенции на полицијата во регионот на Западен Балкан, како и првата судска пресуда која се случи во март 2015 година во Босна и Херцеговина, врз основа на кривично дело трговија со луѓе, бидејќи осуденото лице беше идентификувано како клучно лице во транспортот на новодојдените лица од Босна и Херцеговина во Сирија. Лицето беше осудено на затворска казна од шест години.[97]

Иако овие полициски операции се случија веднаш по промените во законодавството, официјалните стратегии за СНЕ беа развиени многу подоцна во земјите од Западен Балкан. Албанија на пример ја усвои Националната стратегија за спротивставување на насилниот екстремизам кон крајот на 2015 година (криминализацијата се случи во 2014 година)[98], Косово усвои стратегија за Спречување на насилниот екстремизам и радикализација која води кон тероризам во септември 2015 година, пет месеци откако таа беше

92 Верскиот радикализам и насилен екстремизам во Албанија http://idmalbania.org/wp-content/uploads/2015/07/Religious-Radicalism-Albania-web-final.pdf, стр 15, ИДМ Тирана 2015
93 Владо Азиновиќ и Мухамед Јусиќ, „Мамката на сириската војна: Странски борци - Босанскиот контингент" http://bit.ly/1XTdwp6, стр. 37, Сараево 2015
94 Службен Весник на Република Косово, Закон бр, 05/Л Забрана за пристапување кон вооружени конфликти надвор од територијата на државата http://bit.ly/1PZ1PKH, Април 2015, Република Косово
95 Затвор за учество во странски војски http://www.akademik.mk/balkanot-4/, 05.09.2014 последен пат пристапено на 04.07.2015
96 Приведени девет лица во антитеристичката акција на МВР http://alsat.mk/News/207907/privedeni-devet-lica-vo-antiteroristichkata-akcija-na-mvr, 06.08.2015 последен пат пристапено на 04.07.2015
97 Владо Азиновиќ и Мухамед Јусиќ, „Мамката на сириската војна: Странски борци - Босанскиот контингент" http://bit.ly/1XTdwp6, стр. 38, Сараево 2015
98 Службен весник на Р. Албанија: http://www.qbz.gov.al/botime/fletore_zyrtare/2015/PDF-2015/203-2015.pdf, Бр. 203, 25.11.2015

криминализирана,[99] а Босна и Херцеговина усвои стратегија за спротивставување на тероризмот во 2016 година. Значајно е да се напомене дека Косово, Албанија и Црна Гора усвоија стратегии за борба против насилниот екстремизам, додека Босна и Херцеговина, Србија и Македонија ги надградија своите стратегии за борба против тероризмот со споредна улога за решавање на СНЕ и спречување на радикализацијата и насилниот екстремизам.

Ова покажува разлики во избраните пристапи во стратегиите прифатени од земјите од Западен Балкан, и покрај фактот што сите држави од Западен Балкан се членки на коалицијата против ИСИС, што ги прави подеднакво потенцијални цели на терористички напади.[100] Некои од нив имаат усвоено стратегии за СНЕ (Косово и Албанија), додека другите (Босна и Херцеговина, Србија и Македонија) усвоија стратегии за спротивставување на тероризмот.

Зошто државите избрале да делуваат поинаку кон оваа закана не би можеле да кажеме со сигурност, но кога ќе се направи споредба државите кои усвоија стратегии за спротивставување на тероризмот гледаат на насилниот екстремизам како непосредна опасност, па така и стратегиите во голем дел се фокусираат на зајакнување на капацитетите на државите за спречување на напади или справување со последиците од истите. Од друга страна, пак, земјите кои усвоија посебни стратегии за спротивставување на насилниот екстремизам заземаа попревентивен пристап и се свртија кон меки мерки со основна цел да активно изнесуваат контра-пораки и зајакнување на локалните заедници, и на тој начин давајќи му повеќе една социјална димензија на овој проблем. Се разбира, она што е на хартија и она што навистина се случува на теренот се две различни работи. На пример, во случаите на Косово и Албанија, бројот и големината на полициските акции против странските борци и регрутери беа доста големи по интензитет. Иако опасноста од напади не може да биде целосно исклучена, постои често користен аргумент против ова тврдење дека нападите нема да се случат на балканска почва, бидејќи тоа може да има негативно влијание врз идните регрутирања на странски борци од Балканот.[101]

Што придонесе за одлуките за донесување на стратегии за општо спротивставување на тероризмот во Македонија и Србија не може да се објасни само со назначување на еден или два фактори. Сепак, колку и да е тоа комплексно, влијанието кое мигрантската криза ја имаше врз овие земји за да

99 Стратегијата за спречување на насилниот екстремизам (СНЕ) и радикализација која води кон тероризам 2015-2020 http://www.kryeministri-ks.net/repository/docs/STRATEGJIA_parandalim_-_SHQIP.pdf, Косово
100 Официјален претставник на ИСИС повика на "Осамен волк" напади во САД и во Европа за време на Рамазан http://www.independent.co.uk/news/world/middle-east/isis-official-calls-for-lone-wolf-attacks-in-us-and-europe-during-ramadan-a7042296.html, 22.05.2016 последен пат пристапено на 04.07.2016
101Флоријан Ќехаја – Секуритизам, (не)замислена последица http://sbunker.net/op-ed/33935/sekuritizimi-pasoje-e-pa-menduar/, 17.08.2015

заземат дефанзивни ставови не може да се игнорира. Еден од напаѓачите во Париз на пример ја беше искористил балканската мигрантска рута за да стигне до ЕУ,[102] што резултираше со зголемена загриженост во Македонија, каде што претседателот Иванов неколку пати алармираше за опасноста од можноста да екстремистите се помешаат со групи на мигранти.[103] И покрај тоа што е важно да се разговара за безбедносната димензија на протокот на мигранти и влијанието кои би можело да го има врз земјата, тешко е да се разбере зошто мигрантите кои во теорија се поврзани со екстремистите реално би претставувале закана за Македонија и нејзините граѓани, имајќи предвид дека поголемиот дел од мигрантите ја преминале границата на земјата во рок од 24-48 часа во зенитот на мигрантскиот проток. Со оглед на фактот дека еден од напаѓачите во Париз бил регистриран како барател на азил во Грција и Србија,[104], недостатокот на проток на информации и неуспехот ефективно да се регистрираат мигрантите отсликува друга неефикасност кога се зборува за комуникацијата помеѓу балканските држави. Исто така, по нападите во Париз во ноември 2015 година, државите во регионот ги зајакнаа своите безбедносни мерки со поставување на силно вооружен полициски и армиски персонал за да се заштитат виталните објекти, како што се аеродромите и државните институции.[105]

Одлуката на Македонија, Србија и Босна и Херцеговина да го трасираат пристапот за работа на ова прашање преку донесување и надградба на општата стратегија за спротивставување на тероризмот е тоа дека може да се утврди дека во сите три земји социјалната кохезија се смета дека е кревка. Овие места во минатото често доживуваа меѓуетнички превирања, па довербата меѓу безбедносните институции и различните заедници се уште се смета за ниска.

102 Напади во Париз: Кои беа напаѓачите? - http://www.bbc.com/news/world-europe-34832512, 27.04.2016
103 Изјавата на претседателот Иванов на Конференцијата за Безбедност на ОБСЕ во Рим, Италија http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3664-2016-03-04-11-43-09.html, 04.03.2016 последен пат пристапено на 05.07.2016
104 Ибид.
105 Повратници од војните најголема закана за Македонија http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=11251510943&id=9&setIzdanie=23623 ; објавено на 25.11.2015

4.3 Босна и Херцеговина

Босна и Херцеговина избра мулти-институционален пристап за справување со феноменот на насилниот екстремизам, кој може да се види во планираните активности во стратегијата на Босна и Херцеговина. За секоја активност, институцијата која е одговорна за вршење на дејноста, е исто така предодредена. Сепак, ова не е случај со македонската стратегија, која се уште гледа на СНЕ како нешто што во главно треба да биде згрижено од страна на безбедносниот апарат како што се Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Агенцијата за разузнавање и Управата за безбедност и контраразузнавање.

Босна и Херцеговина во својата стратегија предвидува следењето на спроведувањето на стратегијата да биде спроведено преку надзорно тело што ќе биде формирано специјално за оваа намена. Ова тело обезбедува координиран пристап во исполнувањето на стратешките цели. Од друга страна, во Македонија, стратегијата за Спротивставување на тероризмот не ја предвидува потребата за дополнително тело за следење/проценување кое ќе ја оценува работата на институциите надлежни за имплементација, а како резултат на ова, улогата на координатор на спротивставување на насилниот екстремизам завршува со преземање на двострука улога како на имплементатор така и на евалуатор истовремено.

4.4 Косово

Косово ја изготви својата стратегија за СНЕ во соработка со сите релевантни чинители во косовското општество, од верските лидери и безбедносните институции, до граѓански организации кои се занимаваат со прашањата на безбедноста и спротивставување на насилниот екстремизам. Сите овие чинители учествуваа уште од најраната фаза на развивање на стратегијата за спротивставување на насилниот екстремизам до развивањето на самата финалната верзија, која беше одобрена од страна на Владата на Република Косово во 2015 година.

Специфичен елемент на Косовската стратегија е тоа што е инклузивна кон различните верски заедници. Па така соработката и координацијата со верските заедници и кредибилните имами од Косово е приоритет во методологијата, активностите и имплементацијата на стратегијата. Таквиот интегративен пристап, со вклучување на директните учесници како и верските

тела во спроведувањето на стратегиите за СНЕ може да додаде значителна дополнителна вредност во остварувањето на стратешките резултати.[106]

Главните органи задолжени за спроведување на стратегијата за СНЕ во Косово назначени се да бидат Министерствата за образование, за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда и координаторот за СНЕ од Владата на Косово, како дел на една агенција која е во состав на самата влада. Косовскиот совет за безбедност, заедно со координаторот за СНЕ, кој во исто време е и политички советник на премиерот се одговорни за планирање на активностите, заедничко финансирање на дополнителни средства, и одржување донаторски конференции со цел постигнување на максимална реализација на своите цели и активности.[107] Советот за безбедност на Косово има дополнителна улога во следењето и евалуацијата на стратегијата, при што ја оценува работата на сите други органи за имплементација.[108]

Косовскиот координатор за СНЕ исто така ја организираше работата на техничката работна група која ја изготви стратегијата. Исто така, има улога постојано да ја информира јавноста за напредокот во борбата против насилниот екстремизам во Косово, да одржува активна комуникација со новинарите, средби со претставници од граѓанските организации и да учествува во дебати, конференции и слично.[109]

Министерот за внатрешни работи на Косово, како дел од програмата на владата за СНЕ, ги има посетено сите општини во Косово, а учествуваше и на тркалезни маси организирани во речиси секој град на Косово,[110] со цел да се поддржат локалните власти во спротивставувањето на овој феномен, помагајќи им да се создадат контранарации потребни за подигање на свеста. Посетите од ваков висок профил ги охрабруваат локалните власти и полицијата да дејствуваат проактивно во спречувањето и откривањето на раните знаци на радикализација и истовремено ги подобруваат СНЕ активностите на локално ниво.[111]

---

106 Интервју со Беса Исмаили, професор на Факултетот за исламски науки - Приштина, СНЕ координатор за работа со жени, спроведено на 2016/03/21

107 Интервју со Едон Мифтари, политички советник на премиерот/СНЕ координатор во Косово, спроведено на 2016/02/19

108 Стратегија за спречување на насилниот екстремизам и радикализација која води кон тероризам 2015-2020; Косово стр.28

109 Интервју со официјално лице при Советот за безбедност на Косово, спроведено на 2016/02/19

110 Хисени загрижен за тенденцијата за радикализација во Косовското општество http://klankosova.tv/hyseni-i-shqetesuar-me-tendencen-e-radikalizimit-te-shoqerise-ne-kosove/, 28.07.2015

111 Интервју со Беса Исмаили, професор на Факултетот за исламски науки - Приштина, СНЕ координатор за работа со жени, спроведено на 2016/03/21

Во Косово властите вршат информативен разговор со лица кои се враќаат од Сирија и, зависно од наодите одлучуваат како да се продолжи. Во случаи каде што луѓе се приклучиле кон умерените групи, одлучено е да, бидејќи тие не претставуваат опасност за Косово и немаат намера да се вратат назад на фронтот, затворската казна биде заменета со следење на поединецот.[112].

По првичната фаза од стратегијата за СНЕ која се спроведува на територијата на Косово, косовските власти планираат да ги разгледат можностите за проширување на регионалната соработка, во смисла на тоа како соседните земји би можеле да помогнат или би можело да бидат помогнати, или како тие би можеле да научат преку заедничка работа кон развој на поефикасни СНЕ мерки.[113]

Еден од истражувачките наоди упатува на тоа дека се забележани радикални групи во поголем број кои најчесто оперираат во пограничните градови и села. И покрај тоа, досега не е идентификувана воспоставена високо организирана шема каде што странски борци заеднички работат на организирање напади или регрутирање. Досега немаше заедничка македонско-косовска полициска операција против потенцијална група за регрутирање.[114]

Во една анкета спроведена во Косово, 57 отсто од испитаниците од муслиманска вероисповед изјавиле дека и веруваат на Исламската заедница на Косово.[115] Во меѓувреме, главните аргументи во 2014 година за тоа зошто испитаниците беа помалку наклонети кон своите верски институции се поврзани со нивната неспособност за спречување на навлегувањето на екстремистичките движења во Косово. Според испитаниците, институциите користат одредена религија за целите на одредена политичка агенда.[116] Со појавата на насилниот екстремизам, бројот на оние кои ги критикуваат верските институции се зголеми за разлика од претходно кога граѓаните немаа храброст да го предизвикаат авторитетот на верските установи.[117]

Почнувајќи од април 2015 година, парламентот на Косово усвои закон со кој им се забранува на граѓаните на Косово да учествуваат во странски војни, како дел од странски војски, полиција или паравоени формации. Беше утврдено дека

112 Интервју со официјално лице од Советот за безбедност на Косово, спроведено на 2016/02/19
113 Ибид.
114 Ибид.
115 Веса Келменди; Косовскиот безбеднесен барометар, Студии на косовскиот центар за безбедносни студии Посебна едиција: Гледишта на граѓаните за насилниот екстремизам и радикализација во Косово http://www.qkss.org/repository/docs/Raporti_final_CVE-Barometri_anglisht_583308.pdf, стр. 12; Јуни 2016
116 Косовски центар за безбедносни студии, Косовски безбедносен барометар: http://www.qkss.org/repository/docs/Kosovo_Security_Barometer_-_Fifth_Edition_523670.pdf стр. 17
117 Веса Келменди; стр. 15, Јуни 2016

лицата прогласени за виновни за овие злосторства ќе бидат казнети со затвор до петнаесет години и ќе им биде одземено државјанството.[118] До јануари 2015 година, биле уапсени околу осумдесет наводни екстремисти осомничени за борби во Ирак и Сирија или за регрутирање на странски борци во Косово.[119] Важно е да се напомене дека ова беше една од најголемите полициски акции во регионот против насилниот екстремизам. Сепак, акцијата беше ставена под знак прашање од страна на локалното население, бидејќи властите ослободија 60% од приведените по судењето, или поради неможноста ефикасно да ги гонат или обработат доказите и да покренат обвинениија за делата за кои беа товарени.[120]

Исламската верска заедница (ИВЗ) во Косово нема контрола врз сите џамии [121] и ова може да биде доста проблематично, бидејќи екстремистичката пропаганда може се уште да се шири меѓу посетителите на овие џамии, и кога тоа се случува во руралните области каде што локалните жители ги имаат само оние џамии за посета, тоа ја прави уште потешка можноста да се допре до тие заедници со контра-пораки.

Според косовската невладина организација КИПРЕД, владиниот одговор на феноменот на радикализација во Косово е доста задоцнет. Уште од 2006 година, некои имами почнаа да промовираат радикални идеологии во Косово. Овие имами никогаш не одговараа. Друг проблем кој можеби придонесе кон закаснетиот одговор е тоа дека на Косово и недостигаше разузнувачка агенција до 2009 година. Меѓународната администрација често пати беше напаѓана (во тоа време) дека не споделува доволно информации со косовската полиција.[122]

Прашање кое често се покренува е степенот на изложеност на луѓето на радикална пропаганда. Иако работењето на полицијата се покажа како успешно во однос на одвратувањето на приклучување на повеќе странски борци за нивно приклучување на екстремистичките групи во Сирија и во Ирак, се верува

118Закон за забрана за пристапување на вооружени конфликти надвор од територијата на државата: https://www.mpb-ks.org/repository/docs/LIGJI_NR._05_L_002_PER_NDALIMIN_E_BASHKIMIT_NE_KONFLIKTE_TE_ARMATOSURA_JASHTE_TERRITORIT_TE_VENDIT.pdf

119 Косовската полиција уапси 40 осомничени борци на ИСИС, CBN News (Авг. 11, 2014), http://www.cbn.com/cbnnews/ world/2014/August/Kosovo-Police-Arrest-40-Suspected-ISIS-Fighters/.

120 Пријава за истрага за причините и последиците на вклученоста на косовски граѓани како странски борци во Сирија и Ирак http://www.qkss.org/repository/docs/Shkaqet_dhe_pasojat_e_perfshirjes_se_qytetareve_te_Kosoves_si_luftetare_te_huaj_ne_Siri_dhe_Irak_820753.pdf, стр.7, Април 2015.

121 ИВЗ признава дека две џамии и се вон контрола http://www.telegrafi.com/bik-u-pranon-se-dy-xhami-ka-jashte-kontrolli/, 16.02.2016

122 Интервју со Љульзим Пеци извршен директор на Косовскиот институт за политички истражувања и развој (КИПРЕД), одржано на 19.02.2016

дека екстремистичките регрутери можеби само го промениле нивниот начин на работење.[123]

Официјалните власти и граѓанските организации во Косово и Албанија изјавуваат дека никој не им се придружил на ИСИС веќе подолго од една година. Сепак, првиот бран на странски војници повратници стигна во земјите од Западен Балкан. Според анкетата на Косово, над 51% сметаат дека странските борци повратници претставуваат закана, бидејќи тие се враќаат од бојни полиња и нивното ниво на радикализација не е познато. Ниту се знае дали тие се зажалиле што се им приклучиле на ИСИС или пак кој е нивниот мотив за враќање. Според експертите за СНЕ во Косово, колку повеќе следбеници овие насилни идеологии имаат, до толку поопасни ќе бидат.[124] Овие групи ќе се фокусираат на консолидација и подобра организација, додека истовремено се уште недостигаат програми за де-радикализација во Косово и во регионот, а со тоа и оставајќи простор за радикализацијата да цвета.[125]

Клучните лекции кои доаѓаат од регионот се дека секој обид за решавање на прашањето на насилниот екстремизам и радикализам мора да биде надополнет со вклучување на локалните заедници и преку поширока јавна дебата во врска со ова прашање. Косово е пример за имање добро развиено медиумско покривање за ова прашање, како и бројни телевизиски дебати одржани со експертите, верските лидери и државните институции кои разговараат за прашањето на странски борци и насилниот екстремизам.

Граѓанското општество во Косово ги наоѓа корените на радикалните идеологии назад кај Сиријците/Авганистанците/Јеменците, или кај други лица со европски пасоши кои дојдоа заедно со хуманитарните организации во повоениот период и понудија финансиска помош, или различни курсеви, кои честопати вклучуваа верски предавања кои се залагаа за построго практицирање на Исламот.[126]

Друг проблем кој може да има негативни импликации во однос на кредибилитетот на ИВЗ во Косово помеѓу своите верници е тоа дека оваа институција работи во главно со готовина (кеш), што создава дополнителен јаз во обезбедувањето на одговорност и отвора сомнеж за тоа како всушност се користат овие пари. Покрај тоа, фактот дека не постои посебен закон кој го регулира функционирањето на религиските институции во Косово, исто така придонесува за одредени недоследности.[127]

123 Ибид.
124 Ибид.
125 Ибид.
126 Интервју со претставник од невладина организација која работи на безбедносни прашања во Косово, спроведено на 19.02.2016
127 Ибид.

Се верува дека екстремистичките идеологии ќе останат во регионот во блиска иднина, бидејќи Косово ќе се соочува со зголемен број на странски борци повратници.[128] Се очекува исто така дека ќе биде слична ситуацијата во сите балкански земји.

4.5 Албанија

Со албанската криминализација на феноменот на приклучување во странски војни е предвидено за албанските граѓани кои учествуваат во воен конфликт во странство да бидат осудени на повеќе од десет години затвор.[129]

Феноменот на странски војници се смета дека е последица на една покомплексна појава на радикализација. Истражувањата на Институтот за демократија и медијација од Албанија имаат идентификувани осум жариштата за радикализација во Албанија, а дел од нив се наоѓаат и во пограничните области со Македонија и Косово.[130] Сепак, истражувањата спроведени од оваа организација не можеа да дојдат до заклучок за постоење на силни влијанија за насилен екстремизам од страна на соседните земји.

Сепак, како и во Косово, не може да се идентификува јасна шема на голема прекугранична организација помеѓу радикалните имами или регрутерите помеѓу Македонија и Албанија.

Албанската исламска заедница има направено доста позитивни исчекори во изминатите 20 години. Сепак, се уште постојат бројни предизвици со кои се соочува, започнувајќи со враќањето на имотите и малата финансиска моќ како и капацитетите и вештините на локалните имами за конфронтирање на радикализмот и насилниот екстремизам. Исто така во позадината постои “борба за превласт” во круговите на Албанската исламска заедница што предизвикува затегнати односи помеѓу оние високо во хиерархијата и локалните имами.[131]

Од криминализацијата на учеството во странски војни во Албанија, девет мажи се затворени под обвинение за регрутирање или за учество во странски војни во Сирија или Ирак.[132] Уапсените имами во Албанија сé уште се држат кон своите верувања јавно и изјавуваат дека се поддржувачи на ИСИС пред самите

128 Ибид.
129 *Затвор за албанските џихадисти*, Блог на Газета Шекули (Фев. 25, 2014), http://www.gazetashekulli.org/ 2014/02/25/prison-for-albanian-jihadists/.
130 Интервју со Ѓерѓи Вурмо програмски директор на Институтот за демократија и медијација (ИДМ) Албанија, спроведена на 10.03.2016
131 Ибид.
132 Албанија осуди девет мажи за регрутирање екстремисти http://english.alarabiya.net/en/News/world/2016/05/04/Albania-jails-nine-men-for-recruiting-extremists.html.,04.05.2016

судови, а и нивни поддржувачи доаѓаат на судските рочиша и отворено ја изразуваат нивната поддршка. Во Македонија сите оние кои беа уапсени за учество во странски војни или регрутирање се изјаснија за виновни и се нагодија со канцеларијата на јавниот обвинител за поблаги казни.[133]

Странските борци повратници се вратија во Албанија во главно пред донесувањето на законот со кој се криминализира учеството во странски конфликти, но се верува дека се уште има случаи на странски борци, кои се враќаат во Албанија и по измените во Кривичниот законик.[134] Сепак, никој во Албанија не е се уште официјално осуден за учество во странски војни, бидејќи повеќето од странските борци заминале во Сирија пред криминализацијата на учеството во странски војни, додека деветте уапсени лица, меѓу кои и двајца самопрогласени имами, беа осудени за олеснување и финансирање на регрутирање на терористи, но ниту еден од нив не беше осуден за учество во странски војни.[135]

Првичниот одговор на насилниот екстремизам во Албанија беше со концентрирањето на сите напори во безбедносниот апаратус, но како што оваа појава еволуираше, безбедносните институции во Албанија го променија нивниот пристап, што можеше да се види со нивното отворање и до граѓанските организации и овозможувањето на нивното вклучување во многу активности поврзани со СНЕ.

Се верува дека 70% од странските борци од Албанија се вратиле во рок од три месеци откако заминале, поради разочарувања од ветеното кон нив и она со што тие се соочиле кога пристигнале таму.[136] Понатака се смета дека ИСИС има доста ограничено влијание во Албанија бидејќи улогата на семејствата е доста голема, а имамите кои шират пропаганда беа рано јавно именувани и јавно осудени за нивните постапки. Недостатокот од јавни трибини на тема на насилниот екстремизам како што е примерот со Македонија, им овозможува на сомнителни имами да го зајакнат своето влијание и да продолжат да ги шират своите штетни пораки и култивираат потенцијални екстремисти.

133 „Предмет Ќелија, обвинетите за учество во странска војна се изјаснија виновни ” http://www.akademik.mk/sluchaj-kjelija-obvinetite-za-uchestvo-vo-stranska-vojska-ja-priznaa-vinata/ , 16.05.2016 последен пат пристапено на 06.07.2016

134 Интервју со истражувач од невладиниот сектор во Албанија кој работи на СНЕ

135 Спахиу, Еби; „ Џихадистичките закани продолжуваат во Косово и Албанија и покрај напорите на владата” http://www.jamestown.org/programs/tm/single/?tx_ttnews[tt_news]=45551&tx_ttnews[backPid]=26&cHash=7bb1f7dcd9ed286befd58d41eca40db4#.V3zxEut97Dd, 24.06.2016 last time accessed on 06.07.2016

136 Интервју со поранешен странски борец http://www.oranews.tv/vendi/terrori-frika-e-botes-se-re-sonte-ne-2045-ne-te-te-paekspozuarit/, 19.11.2015 последен пат пристапено на 06.07.2016

Според властите, од 2014 година ниту еден албански државјанин не отишол во Сирија. Сепак, Исламската верска заедница во Албанија, и покрај тоа што ги врати повеќето џамии кои беа под контрола на екстремистите, се уште се бори за да го спречи екстремистичкото влијание, бидејќи се уште се смета дека имаат нарушен кредибилитет меѓу следбениците и се често обвинети за корупција.[137]

Во Албанија, Стратегијата за спречување на насилниот екстремизам и радикализам предвидува дека Министерството за социјални работи е одговорно за сите активности насочени кон дерадикализација предвидени во стратегијата.[138] Сепак, оваа стратегија не ја гледа ИВЗ на Албанија како главен актер во дерадикализацијата, и како таква, таа добива критики од страна на граѓанското општество поради млаката инволвираност на верската заедница. Секое решение треба да биде прилагодено на начин кој би ги вклучило ИВЗ, пред се во идентификување на џамиите (жариштата) за кои тие сметаат дека имаат потреба од активности за дерадикализација.

Како што е прикажано во случајот на Албанија, институциите за спроведување на законот имаат ефект на “ширење страв” за потенцијалните регрутери, што е причина за потреба на организирање повеќе кампањи за подигање на свеста спроведени помеѓу граѓаните во однос на законските импликации со кои ќе се соочат доколку одлучат да се приклучат на таквите групи како што се Ал-Нусра или ИСИС. [139]

137 Спахиу, Еби; „ Џихадистичките закани продолжуваат во Косово и Албанија и покрај напорите на владата” http://bit.ly/29kKPLH, 24.06.2016 last time accessed on 06.07.2016
138 Стратегија за спречување на насилниот екстремизам и радикализацијата која води кон тероризам 2015-2020, Република Косово, http://www.kryeministri-ks.net/repository/docs/STRATEGY_parandalim_-_ENG.pdf
139 Интервју со Еби Спахиу, независен истражувач на појава на радикализација и странски војници во Албанија, спроведена на 10.02.2016

5. Ресоцијализација и реинтеграција

Еден од најголемите предизвици со појавата на странските борци е што да се прави со овие лица кога тие ќе одлучат да се вратат дома. Стравувањата дека овие лица претставуваат закана за општеството пораснаа по нападите спроведени од страна на поранешни странски борци, како што беше нападот врз еврејскиот музеј во Брисел на 24-ти мај 2014 година,[140] спроведен од страна на Французин кој мина една година борејќи се во Сирија.

Една од главните потешкотии со оваа тема е фактот дека тоа го поларизира општеството во целина. Постојат такви кои веруваат дека поранешните странски борци не можат да бидат реинтегрирани во општеството, па дури и повикуваат на забрана за нивни влез во земјата. Спротивно на тоа, постојат и оние кои веруваат дека овие лица можат целосно да бидат реинтегрирани во општеството.

Бројот на поранешни странски борци и насилни екстремисти кои се враќаат во Македонија е во пораст, со тоа што бројот е 86[141] лица до јули 2016 година. Поради тешкотијата на прибирање докази за индивидуите кои патувале во Сирија, она што на пример би можело да се користи на суд е често ограничено. Како резултат на тоа, обвинителството не секогаш може да поднесе тужба, или понекогаш, обвинението се отфрлаат заради отсуство на силни докази.

Процесот на ресоцијализација и реинтеграција нуди алтернативна опција за оние лица кои не можат да бидат кривично гонети, но се уште се сметаат за опасност да бидат насилни екстремисти[142]. Покрај тоа, овој процес е важен не само за луѓето кои не можат да бидат кривично гонети, туку и за луѓето кои се осудени на затворска казна. Овие лица може да се обидат да ги шират своите насилни идеи во затвор, и се уште можат да претставуваат закана кога тие на крајот го напуштат затворот.

---

140 Њујорк тајмс. "Приведен сомничениот за убиствата во еврејскиот музеј ". 1 јуни 2014 година. Пристапено на 13-ти јули, 2016. http://www.nytimes.com/2014/06/02/world/europe/suspect-arrested-in-jewish-museum-killings-in-belgium.html?version=meter+at+1&module=meter-Links&pgtype=article&contentId=&mediaId=&referrer=https%3A%2F%2Fwww.google.com%2F&priority=true&action=click&contentCollection=meter-links-click

141 Веб-страна на Претседателот на Република Македонија. „Говор на Претседателот Иванов“ 22 Јуни 2016. Пристапено на 13-ти јули, 2016. http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/3849.html

142 Меѓународен центар за борба против тероризмот - Хаг. "Рехабилитација на странски борци? Декември 2015 година. Пристапено на 14 јули 2016 година. http://icct.nl/wp-content/uploads/2016/01/ICCT-Entenmann-Heide-Weggemans-Dorsey-Rehabilitation-for-Foreign-Fighters-December2015.pdf

Ресоцијализација може да се опише како "намерна, планирана интервенција, која има за цел да ги промени карактеристиките на сторителот (ставови, когнитивни вештини и процеси, личносно или менталното здравје, и социјални, образовни или стручни вештини) за кои се верува дека се причина за криминалното однесување на поединецот, со намера да се намалат шансите да поединецот повторно ќе стори кривично дело".[143] Програмите за ресоцијализација и реинтеграција повлекуваат и когнитивен елемент (промена на верувања и ставови, често се нарекува како де-радикализација) и елемент на однесувањето (прекинување на насилни активности, често нарекувано како исклучување - desengagement[144]). Лицата кои се исклучуваат (desengaged) можеби ќе се откажат од патот на насилството, но се уште ги задржуваат нивните верувања. Програмите за ресоцијализација имаат за цел да ја олеснат транзицијата на поединецот назад во општеството.

Успешните програми мора да комбинираат решавање на различните ставови, однесувањето и општествените врски на многу креативни начини.[145] Екстремистичките групи се важни за поединците во многу области, како што се формирањето на идентитетот, градење на заедница, возбудата поради припадност кон една повисока цел, чувство на безбедност, и многу повеќе. Кога станува збор за јавната расправа за ресоцијализација на странските борци, важно е да се напомене дека во парламентарните дебати во Република Македонија пред донесувањето на правните инструменти за борба против феноменот на странски борци, некои од пратениците беа скептични во врска со

Силвана Бонева (пратеничка на ВМРО-ДПМНЕ)": Извршителите на овие кривични дела не треба да се дозволи да се вратат во Македонија бидејќи тие не можат да се ресоцијализираат

Роза Топузовска Каревска (независен пратеник): Не може да се очекува да лица кои биле дел од такви криминални дела по нивното враќање во Македонија да бидат соодветни за ова општество.

143 Меѓународен центар за борба против тероризмот - Хаг. "Дизајнирање на програми за рехабилитација и реинтеграција на насилните екстремистички прекршители. Март 2012 година Пристапено на 13 јули, 2016 година. http://www.icct.nl/download/file/ICCT-Veldhuis-Designing-Rehabilitation-Reintegration-Programmes-March-2012.pdf

144 Меѓународен центар за борба против тероризмот - Хаг. "Рехабилитација на странски борци? Декември 2015 година. Пристапено на 14 јули 2016 година. http://icct.nl/wp-content/uploads/2016/01/ICCT-Entenmann-Heide-Weggemans-Dorsey-Rehabilitation-for-Foreign-Fighters-December2015.pdf

145Торе Бјорго и Џон Хорган. „Напуштање на тероризмот, индивидуално и колективно исклучување“ ’https://www.nyidanmark.dk/NR/rdonlyres/82A2FB65-27B0-4129-ACC5-284E2B4F5F43/0/leaving_terrorism_behind.pdf

можноста да странските борци бидат во можност да се вратат во нормален живот во македонското општество.[146]

Во овој миг во Македонија не постои активна програма за ресоцијализација и реинтеграција на странските борци кои се вратија и ќе се враќаат во иднина. Досега македонските власти осудија 12 лица за приклучување кон странски паравоени организации или за финансирање и регрутирање за овие организации. Овие лица несомнено ќе дојдат во контакт со општата затворска популација, која веќе е повеќе од подложна на радикални идеи, и, најверојатно, ќе се обидат да им се доближат и да ги шират своите идеи. Управата за безбедност и контраразузнавање во неколку наврати им помага на затворските власти во развојот на посебен затворски режим за екстремистите. Со овој режим, УБК се надева дека ќе ја спречи радикализацијата на повеќе затвореници.[147]

Недостатокот на програми за ресоцијализација и реинтеграција на странски борци повратници во Македонија, исто така, се споменува во Извештајот за тероризмот за 2015 година на Стејт Департментот на САД[148]. Дополнителна загриженост е фактот дека затворите во Македонија не нудат никакви програми за рехабилитација на општата затворска популација[149], што ќе биде уште поголем предизвик за нив за да создадат програма за рехабилитација на екстремистите.

Во почетокот на 2015 година, имаше обид од страна на Исламската верска заедница да воведат програма со која ќе ја поддржат борбата против социјалната стигма со која поранешните странски борци, а особено нивните семејства, се соочуваат. Проектот беше наречен СТОП-РАД Терр, кој покрај главниот дел, кој беше фокусиран на спротивставувањето на радикализацијата, овој проект имаше за цел да обезбеди помош за семејствата на странските борци во Македонија.[150]

Кога станува збор за делот од проектот кој се осврнува на ресоцијализацијата и реинтеграцијата, по откривање многу семејства кои ја загубиле поддршката од нивниот главен хранител на семејството (со оглед на фактот дека најчесто мажи се приклучуваат на ИСИС или Ал Нусра), проектот

146 Извештај од собраниската комисија за политички систем и односи меѓу заедниците. Собрание на Република Македонија, 2 септември, 2014

147 Интервју со висок функционер во Управата за безбедност и контра-разузнавање на РМ, направено на 19.07.2016, Скопје

148Стејт департмент на САД, Биро за борба против тероризмот и борба против насилниот екстремизам. "Извештај за тероризмот 2015 година". Пристапено на 13 јули 2016 година. http://www.state.gov/j/ct/rls/crt/2015/257516.htm

149 Интервју со Универзитетски професор по право. Направено на 15 Март 2016.

150 Поглаварот на ИВЗ се сретна со амбасадорот Бејли http://koha.mk/aktuale/35162-kreu-i-bfi-takohet-me-ambasadorin-bejli.html, објавено на 05.02.2015 последен пат пристапено на 19.07.2016

имаше замисла да се фокусира на обезбедување хуманитарна помош за овие семејства, како што се основните потреби, храна и хигиенски продукти.[151]

Втората цел на проектот беше да се одговори на проблемот што семејствата на странските борци често се осудени од општеството. Тие се соочуваат со стигматизација во вработувањето во приватниот сектор, каде што приватните компании одбиваат да ги вработуваат овие лица поради стравување од имање проблеми со државните органи, бидејќи тие веруваат дека со вработување на лице кое има член на семејството во Сирија и во Ирак, тие ќе станат потенцијална цел за разузнавачките служби кои ќе претпоставуваат дека тие имаат врски со или ги поддржуваат екстремистичките групи.[152]

Понекогаш социјалната стигма се однесува околу загриженоста дека некои од членовите на семејствата оставени назад може да се радикализираат па многу семејства страдаат од оваа предрасуда, иако обично тие истите не се радикализирани. Многу членови на семејствата засегнати се имаат изјаснето јавно против оваа предрасуда повеќе пати.[153]

Друго прашање со кое предлог-проектот на ИВЗ се обиде да се справи е психолошката состојба на семејствата на странските борци. Овие семејства имаат потреба од психолошка поддршка од професионалци, бидејќи некои од нив можеби ги загубиле нивните членови од семејството во Сирија и Ирак, а некои од нив живеат во постојан страв од она што може да се случи со нивните најблиски кои се имаат радикализирано и се приклучиле на екстремистичките групи.[154]

Покрај стравот и другите здравствени проблеми со кои тие би можеле да се соочат како што се депресијата и анксиозноста, заканата дека овие семејства се уште може да бидат цел од страна на потенцијалните регрутери е многу висока. Оваа закана се зголемува, особено кога овие семејства имаат повеќе машки членови на борбена возраст. Опасноста дека и другите мажи од семејството, на пример родителите или пак браќата, би можеле да се радикализираат е многу

151 Од „Стоп Рад Тер" предлок проектот на ИВЗ на Македонија и Хуманитарната Организација Хилал.
152 Наодите од фокус-групата со младите во Скопје, каде што еден од учесниците опиша дека неговиот татко одбил да вработи сосед поради фактот дека лицето имаше брат кој отишол да се бори во Сирија. Фокус групата во Скопје се одржа на 2016/05/18 во просториите на Аналитика Тинк-тенк.
153 Таткото на радикализираната девојка зборува за неговото неверување дека неговото дете отишло во Сирија - "18 годишна девојка се приклучи на ИСИС" http://www.telegrafi.com/vajza-18-vjecare-nga-kumanova-i-eshte-bashkangjitur-isis-it/ објавено во јули 2015, последен пристап на 19.07.2016
154 Од „Стоп Рад Тер" предлог проектот на ИВЗ на Македонија и Хуманитарната Организација Хилал.

висока, бидејќи нивните роднини кои се веќе во Сирија или Ирак би можеле да се обидат да ги убедат да им се придружат.[155]

Радикализација на членовите на семејството, како што се браќата, е честа појава. Има многу познати примери на напади, како што се нападите во Париз, нападите на Бостонскиот маратон и многу други кои биле извршени од браќа.[156]

Другата димензија на радикализација е кога едниот брачен другар го радикализира другиот, како на пример во случаи кога едниот партнер е во Сирија и го повикува другиот партнер да се придружи, и во овие случаи тие обично дури и ги носат и децата со нив. Во Македонија има информации за три семејства каде што татковците ги зедоа своите семејства со нив, вклучително и децата.[157]

Со цел да се опремат овие семејства со потребните контранарации и механизми за справување околу проблемот на радикализиран член на семејството, потребни се силни програми за дерадикализација. Досега, во Македонија, проектот на ИВЗ се однесуваше само на прашањето на членовите на семејството оставено зад себе, но не ги вклучуваше вратените странски борци во Македонија. Во Законот кој го криминализира учеството во странски војни за граѓаните на Македонија, македонската влада експлицитно забранува секаков контакт со поранешните странски борци, и секој контакт кој не е пријавен на државните органи, ќе може да се гледа како чин на соучесништво и би го инкриминирало лицето.[158]

Затоа, дури и ИВЗ во изминатите неколку години се соочуваше со тешкотии во извршувањето на активности за ефикасна дерадикализација. Тие се соочуваат со ситуација во која поранешните странски борци се туркаат уште повеќе на маргините на општеството, или со тоа што се изолирани во целост или ќе со тоа што ќе се кријат поради законските ограничувања на нивните пријатели и семејства кои не се во можност слободно да ги контактираат. Ова несомнено има влијание во откривањето на тие лица и проценатa на нивното влијание во понатамошната радикализација на другите. Проектот на ИВЗ немаше институционална поддршка и не успеа да обезбеди финансиски средства за негово спроведување. Иако претседателот во својот годишен претседателски говор ги повика сите институции да обезбедат поддршка за ИВЗ

155 Врските кои сврзуват: Како терористите ги искористуваат семејните врски https://www.ctc.usma.edu/posts/the-ties-that-bind-how-terrorists-exploit-family-bonds , објавено на 19.02.2016 последен пристап на 19.07.2016
156 Браќата кои работат заедно во името на теророт. Зошто толку многу? http://www.latimes.com/world/europe/la-fg-terror-brothers-20160323-story.html , објавено на 23.02.2016 последен пристап на 19.07.2016
157 Интервју со високо рангиран службеник на УБК одржано на 19.07.2016, Скопје
158 Член 322-а (6)

во борбата против оваа појава, досега не е идентификуван некој конкретен исчекор. [159]

Стратегијата на Македонија за борба против тероризмот, донесена на 15 Март 2016 година, во мали делови исто така ги опфаќа превентивните активности и можностите за програми за дерадикализација. Ова се извадоци од стратегијата за тоа како таа ја опфаќа дерадикализацијта и превенцијата.[160]

Зајакнување на умерените мислења наспроти екстремистичките, со кои ќе се обезбеди да мислењата на екстремистите нема да бидат оние кои ќе надвладеат. Со директно вклучување на граѓанското општество во промовирањето на умерено мислење, свесноста дека мнозинството го поддржува умереното мислење ќе се зголеми, а со тоа ќе се отсечат корените на екстремизмот.

Како што може да се види од извадокот погоре, стратегијата набројува можности за работа и развој на такви програми во иднина, но досега тоа не е обработено во детали за тоа кои институции ќе бидат одговорни за извршување на тие активности. Ова е главно поради тоа што Акционите планови сè уште не се донесени.

Покрај тоа, недостатокот на Акционен план за имплементација на стратегијата во Македонија, го чини истото уште потешко за да се одговори точно на ова прашање. Бидејќи нема назначена институција за секоја активност, не е јасно колку буџетски средства ќе бидат наменети за спроведување на оваа стратегија, и не постојат рокови во кои треба да се исполни секоја активност, па на тој начин станува се потешко да се знае кога може да се очекуваат резултати и да се види дали стратегијата ги исполнува своите цели навремено. Имајќи предвид дека Националната стратегија за борба против тероризмот има предвидено телата за спроведување на оваа стратегија да бидат само безбедносните институции, вклучително и Министерството за финансии и Одделението против финансиски криминал, но не е јасно кои од овие тела ќе бидат одговорни за спроведување на активностите за дерадикализација, бидејќи ниту еден од нив нема едукативна улога, а активностите на стратегијата сè тесно поврзани со образованието.

Еден најчесто користен пристап во програмите за дерадикализација низ други места на светот е овие програми обично да се нудат од страна на организации поддржани од страна на државата, кои во најголем дел се оставени

159 Годишно обраќање на претседателот Иванов пред пратениците http://www.telma.com.mk/vesti/godishno-obrakjanja-na-pretsedatelot-ivanov-pred-pratenicite, објавено на 22.12.2015 последен пристап на 19.07.2016

160 Национална стратегија на Република Македнија за борба против тероризмот - Делот за спречување 3.1

отворени за радикализираните лица доброволно да побараат помош од нив или пак за членовите на семејството на радикализираното лице да допрат до овие организации и да побараат помош за нивните најмили. Тие често обезбедуваат и (телефонска) линија за советување. Овој пристап се користи од страна на државно финансираната организација Хајат која е партнер со германската Федерална канцеларија за имиграција и бегалски работи, и има воспоставено Националната советодавна телефонска линија за радикализација.

Во примерот на Хајат, експерти вршат анализи и проценки на ризикот и утврдуваат дали некое лице е во опасност да стане (насилно) радикализирано.[161]

Македонија го криминализираше учеството во странски воени и паравоени формации, но бара континуирани мерки за негова операционализација. Паралелно со мерките за превенција, ќе преземе и мерки за нивна реинтеграција во општеството.

Примената на комплексни образовни, економски и безбедносни мерки и активности со цел кревање на јавната свест и отпор кон мотивирачките фактори и алатки кои поттикнуваат радикализација;

Развој и спроведување на проекти за дерадикализација на веќе радикализирани поединци како и проекти зарехабилитација/реинтеграција на поранешни терористи

Преземање мерки за спречување на радикализација во затворите.

Кревање на свеста на граѓаните и приватниот сектор во борбата против тероризмот и промовирање на толеранција и јавно разбирање на сите видови тероризам;

Откако советникот ќе добие јасна слика за конкретната ситуација на одредено лице, се користи индивидуален процес на советување и се дизајнира план чекор-по-чекор, и вклучувајќи различни мерки за да се спречи понатамошна радикализација или да се сврти процесот во спротивна насока. Советувањето се нуди бесплатно, тоа е доверливо и достапно во повеќе јазици како германски, англиски и арапски јазик.[162]

Од големо значење е Македонија да учи од практиките кои покажале некоја стапка на успех, како што е случајот на Хајат, и да ги вклучи верските и локалните заедници како и граѓанското општество во процесот на СНЕ.

161 Хајат - Германската програма за советување за лицата вклучени во радикални исламистички групи http://hayat-deutschland.de/english/
162 Ибид.

6. Локални аспекти - Скопје, Куманово и Тетово

Феноменот на “странски борци” кои се приклучуваат на војната во Сирија и во Ирак, иако претставува глобален предизвик претставува актуелно прашање во Република Македонија веќе извесно време.

Заради тоа овој дел од студијата за политика има за цел да направи анализа на локалните специфики за тоа што е тоа што ги тера државјаните на Македонија да се приклучуваат на криминалните групи, како што се ИСИС. Во обид да се добие појасна слика за состојбата во Скопје, Куманово и Тетово за потребите на ова истражување се одржаа три фокус групи со млади од овие три града. Оваа возрасна група беше избрана поради тоа што информациите говорат дека ова е старосната група која е највеќе подложна на насилничко-екстремистичка пропаганда. Понатака, градовите споменати погоре беа од интерес на истражувачите на оваа студија заради честите извештаи и информации на странски борци кои доаѓаат од овие градови. Помалку случаи на странски борци кои заминале во Сирија и Ирак, исто така, се евидентирани и во други градови низ Македонија, како на пример Гостивар, Велес, Струга и во селото Лабуништа (рурална област во Струшко). Исто така во самите градови е забележано зголемено присуство на религиски организации.

Главниот фокус беа студенти и средношколци со цел да се слушнат и разберат подобро перспективите на младата популација на прашањето за радикализација и феноменот на странски борци. Прашањата кои беа дискутирани во фокус групите се однесуваа на тоа "колку младите се информирани за радикализацијата и насилниот екстремизам, Дали тие се на било кој начин погодени од екстремистичка пропаганда, или пак познаваат некој кој има заминато во Сирија или пак се има радикализирано? "

Две од фокус групите имаа по 6 учесници (родово балансирани), додека исклучок беше фокус групатата во Куманово, каде што имаше 5 учесници (3 машки лица, 2 девојки). Сите учесници беа студенти со исклучок на еден во фокус групата во Скопје, кој беше средношколец во 4-та година. Во фокус групата во Скопје, четири од учесниците беа од општина Чаир, додека другите беа студенти од Факултетот за исламски науки во Скопје, но по потекло од Куманово и Велес. Сите учесници во сите фокус групи беа етнички Албанци, а дискусијата се водеше на албански јазик.

Првичните прашања кои беа тема на дискусија се однесуваа на општи прашања, како на пример како тие размислуваат околу социоекономските услови во нивните градови, кои можности се достапни на младите, со какви предизвици се соочуваат во нивните градови како и кои се најгорливите потреби кои ги имаат како млади лица.

Вториот дел на прашањата се фокусираше на нивните познавања за феноменот на радикализација, колку тие ја разбираат самата појава, што мислат за нејзиното значење, и како ги препознаваат знаците на радикализација. Последниот сет од прашања се фокусираше на тоа колку младите имале искуство од прва рака во тоа да им пристапат сомнителни организации како и на кој начин им се има пристапено. Дали познаваат некого лично во нивниот круг на пријатели или пак роднини кои заминале во Сирија и Ирак или пак познаваат некого кој бил изолиран од нивниот круг на пријатели бидејќи се насочуваат повеќе кон религијата, или поради својот изглед, како ја носат брадата или пак за жените носењето шамии, што се работи кои се често пати забележани како причина за младите да бидат дискриминирани.

Покрај тоа, беа спроведени интервјуа со двајца млади од Скопје, кои оделе во џамии што претходно биле надвор од контролата на ИВЗ. Ним во повеќе наврати им приоѓале пријатели и познаници кои се обидувале да ги убедат да прифатат различни толкувања на религијата со тврдење дека токму тие се вистинските. За секој од градовите ќе бидат презентирани наодите кои ги вклучуваат и локалните специфики.

Во рамките на истражувањето се појави еден неочекуван наод од самите фокус групи: а тоа е дека мнозинството од учесниците познаваат некој кој отишол во Сирија или Ирак или некој што има член на семејството кој станал странски борец.

Ниското ниво на доверба во државните институции се појави како заеднички став помеѓу младите во сите фокус групи, а особена недоверба беше изразена кога станува збор за способноста на институциите на државата да направат разлика во поглед на спречувањето на феноменот на насилниот екстремизам.

Во овој дел сите наоди, како од фокус групите тако и од индивидуалните интервјуа, се структурирани по градови со цел да бидат посеопфатни и да се избегне преклопување помеѓу нив.

Повеќето од младите во фокус групите сметаат дека државата фаворизира една религија во однос на другата (православното христијанство, кон кое припаѓаат повеќето етнички Македонци пред исламот, со кој се идентификуваат поголемиот дел од Албанците, заедно со другите немнозински заедници, како Турците, Бошњаците и етничките Македонци-муслимани). Посочените примери од страна на учесниците на фокус групите беа дека може да се види како државата спонзорира религиозни (црковни) објекти и финансира црковни активности, додека Исламската верска заедница не добива такви средства од страна на државата. Сите учесници го истакнаа проблемот со невработеноста на младите и недостатокот на можности за албанската

младина, како што се недостатокот на спортски сали, кина и културни настани. Исто така беше забележано општо чувство на социјална ексклузија/ исклученост од општеството.

На прашањето за можна дискриминација врз основа на религија, најголем дел од испитаниците одговорија негативно, истакнувајќи дека генерално етничката дискриминација преовладува во однос на верската.

Дискриминацијата поради верски причини се чини дека е поизразена против муслиманските жени кои се покриени, и ова вообичаено се случува на работното место, затоа што шамијата ретко се прифаќа на работа. Исто така, беа идентификувани случаи на исмевање и закани упатени кон покриените жени-муслиманки од страна на професори на државните универзитети. Покрај тоа, беа забележани и случаи во кои на покриени жени од исламска вероисповед не им било дозволено да добијат работно место во јавната администрација или пак да работат како медицински сестри во државните болници.

Во ниту една од фокус групите не идентификувавме поддршка за насилните екстремистички групи како што се ИСИС или пак Ал Нусра, ниту за идејата за одење во Сирија. Поголемиот дел од учесниците го делеа мислењето дека на оние кои биле во Сирија и во Ирак треба да се даде втора шанса, но не се согласија дека ова треба да важи и за лицата кои ги врбувале.

Случаите на радикализација на жени од Македонија или нивно заминување во Сирија не беа опширно покриени од медиумите, но во текот на фазата на теренско истражување беа идентификувани неколку такви случаи. До крајот на јули 2016 година, беа идентификувани четири случаи на жени кои станале радикализирани:

1. 18-годишна девојка од Куманово заминала во Сирија на почетокот на 2015 година. Наводно, се омажила за некој откако отишла таму. Според нејзиниот татко, кој зборуваше во интервју за локалните медиуми, ќерката разговарала со девојка од Косово пред да се радикализира, а во нејзиниот компјутер биле пронајдени видеа со воено-пропагандна содржина. Исто така, нејзините соученици изјавиле дека таа гледала вакви видео записи и на училиште.[163]

2. Една жена од Струга, етничка Македонка, го прифатила исламот во една од западно-европските земји и се вратила во Македонија, во нејзиниот роден град Струга, пред да отпатува за Сирија. Ова е

163 18 годишна девојка од Куманово се приклучи на ИСИС http://www.telegrafi.com/vajza-18-vjecare-nga-kumanova-i-eshte-bashkangjitur-isis-it/, објавено во март 2015, последен пристап на 23.07.2016

јасен сигнал дека не само етнички албанци се приклучуваат кон ИСИС но исто така и други групи, чија прва религија не била исламот. [164]

3. Една млада девојка во нејзините рани 20-ти од селото Арачиново, Скопје се обидела да патува во Сирија. Таа стигнала до Истанбул пред да биде спречена од страна на нејзиниот татко и други роднини, кои разбрале за нејзините планови. Таа била откриена од страна на нејзиниот брат, кој разговарал со Албанка од Македонија која во моментот била во Сирија и била убедена да стане невеста на друг странски борец. Овој случај на радикализација е извршен исклучиво преку интернет. Не е познато дали семејството го пријавило случајот на државните органи, но постои веројатност да не го направиле тоа поради страв од општествената осуда со која девојката би се соочила доколку јавноста разбере за случајот.[165]

4. И на крај, две девојки од руралниот дел на Скопје во јануари 2016 се обиделе да одат во Сирија. Овие девојки прво отпатувале за Приштина, каде што вујкото на една од девојките успеал да ги најде и да ги врати дома. Девојките одбиле да дискутират за тоа кој бил нивниот контакт или пак да дадат детали за тоа каде престојувале во Приштина. Сепак, и двете признале дека имале намера да одат во Сирија, а и двете девојчиња биле малолетни во времето на нивниот обид. Една од девојките беше пријавена како исчезнато лице од страна на еден од родителите, но не се знае дали родителите го пријавиле и објасниле случајот во целост пред државните органи на Косово или пред македонските власти, но уште еднаш општествената осуда и стравот од правните последици со кои би се соочиле веројатно придонеле за овие случаи да останат непријавени.[166]

Статистичките податоци за случаи на странски борци по град не можеа да се добијат од македонските безбедносни институции бидејќи станува збор за класифицирани информации[167]. Ваквиот пристап ги попречува идните анализи од страна на граѓанското општество/академската заедница, кои би можеле да

164 Интервју со Агрон Војника, лице за односи со јавност во Исламската верска заедница во Скопје, направено на 04.04.2016
165 Интервју со роднина на девојката од село Арачиново, Скопје, одржано на 16.05.2016
166 Интервју со роднина на една од девојките, кои доаѓаат од скопска рурална област, разговор за случајот, одржано на 18.01. 2016
167Министерството за внатрешни работи, Информации добиени со користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер испратени на 21.12, барање бр 214/15

бидат од корист преку давање на конкретни предлози кон кроење на подобри решенија во согласност со локалните специфики.

Случаите на странски борци од Македонија кои загинаа во Сирија главно се обзнанија јавно од страна на медиумите кои наишле на информации преку членови на семејството.

Некои од случаите за кои медиумите пишуваа се:

1. Расим Зеќири од Гостивар - ова е прв пријавен случај на странски борец од Македонија, кој беше убиен во Сирија. Се смета дека бил во неговите дваесетти.[168]

2. Сами Абдулаху од Скопје - поранешен борец на ОНА, кој служел како имам во Бремен, Германија. Неговата смрт беше пријавена во август 2013 година.

3. Аднан Реџепи од Куманово - поранешен борец на ОНА од 2001 година, Реџепи и претходно беше осуден на 4 години затвор за инсталирање бомба во Куманово, за која тој тврдеше дека е наместен. Неговата смрт беше објавена од страна на медиумите во мај 2014 година.[169]

4. Садик Џемаили од Гостивар - Џемаили имаше 24 години. Беше објавено дека тој отишол во Сирија преку Албанија.[170] Овој млад човек почина во јануари 2015 година, откако помина половина година во Сирија.

5. Башким Бела од Скопје - Бела имаше 23 години. Беше објавено дека тој бил убиен во јули 2014 година.[171]

6. Фуад Мустафа од Скопје - во раните 20-ти, Мустафа е најновата жртва која падна борејќи се за ИСИС.[172]

Овие случаи се само дел од странските борци за кои се верува дека биле убиени во Сирија и Ирак, но овие случаи беа оние кои беа објавени јавно во

168 Албанец од Гостивар убиен во Сирија http://www.telegrafi.com/shqiptari-nga-gostivari-vritet-ne-siri/; објавено во 2013
169 Уште еден Албанец е убиен во Сирија, овој пат од Куманово http://www.oranews.tv/vendi/tjeter-shqiptar-vritet-ne-siri-kete-here-nga-kumanova/; објавено на 13.05.2014
170 Сирија: 24 годишен Албанец од Македонија убиен во џихадистичка војна http://www.oranews.tv/rajoni/siri-vritet-ne-lufte-per-xhihad-24-vjecari-shqiptar-i-maqedonise/; објавено на 28.01.2015
171 Во Сирија убиен Башким Беља од Скопје http://koha.net/?id=27&l=16314; објавено на 02.07.2014
172 Уште еден албанец загинува како џихадист во Сирија http://lajmpress.com/edhe-nje-shqiptar-vdes-si-xhihadist-ne-siri/; објавено на 30.06.2016

медиумите. Специфика која можеме да ја забележиме е дека до почетокот на 2013 година можевме да идентификуваме постари странски борци, кои се бореле за ОНА во 2001 година, како и двата гореспоменати случаи кои изразиле дека нивните мотиви биле чисто врз основа на солидарност со сириското населението против режимот на Башар ал Асад, сакајќи да помогнат во спречувањето на масовните убиства на цивили. Подоцна, со самото еволуирање на ИСИС, може да се забележи дека целта за странски борци од Македонија се префрла кон младите во нивните рани 20-ти, без претходни борбени вештини, кои воглавно се приклучувале поради екстремистичка мотивација.

6.1 Скопје

Во градот Скопје, според пописот од 2002 година, 28,6% од целокупното население во Скопје се муслимани, а поголемиот дел од нив се етнички Албанци.[173]

Исламската верска заедница (ИВЗ) има издадено неколку јавни повици кон државните органи да преземат мерки во врска со џамии кои беа излезени од контрола на ИВЗ, а што се се должеше на “држење под заложништво” од страна на самопрогласени имами.[174] Се смета дека овие имами проповедале верзија на исламот која според нив е различна од онаа која ја учи ИВЗ, и која, наводно, е во согласност со Ханафи школата за Исламската Судска пракса.[175]

Проповедањето на самопрогласените имами повикува кон поригорозно практикување на религијата и ги повикува верниците да не ја признаат ИВЗ и нивните имами нарекувајќи ги девијантни од религијата, со тврдењето дека нивната единствена верзија на исламот е точна и единствена која треба да се следи.[176]

Овие имами привлекуваа воглавно млади групи на мажи, и обично проповедаа во кафулињата, подруми или во официјалните џамии како на пример во Јахја-Пашината џамија во Скопје. Има информации дека дури и по полициската акција "Ќелија", се уште се одржуваат екстремистички проповеди. Практиката е екстремистичкиот имам и неговите следбеници да ја почекаат

173 Вкупно население на Република Македонија во согласност при декларирање на вероисповед, национален попис 2002 http://www.stat.gov.mk/publikacii/knigaX.pdf, стр. 334, 2002

174 ИВЗ бара помош за контрола на џамии, МВР вели не е надлежна – треба построги закони, согласни се двете страни http://www.akademik.mk/ivz-bara-pomosh-za-kontrola-na-dhamii-mvr-veli-ne-e-nadlezhna-treba-postrogi-zakoni-soglasni-se-dvete-strani-4/; објавено на 21.08.2014

175Интервју со Агрон Војника лице за односи со јавност во ИВЗ во Скопје, спроведено на 04.04.2016

176 Ибид.

почетната молитва од страна на имамот од ИВЗ до нејзиниот крај, а потоа, имамот кој го признаваат ја започнува својата сопствена молитва.[177]

Во времето кога овие џамии не беа под контрола на ИВЗ, повиците за приклучување на различни формации во Ирак и Сирија се правеа обично по вечерната молитва. По полициската операција "Ќелија" овие џамии се вратија под контрола на ИВЗ и за краток еден краток период, единствено официјалните имами на ИВЗ одржуваа молитви. Но, набрзо после тоа, "радикалните" имами повторно се појавија во овие џамии. Засега, овие "радикални" имами не се видени како вршат директни повици за приклучување кон ИСИС во Сирија и Ирак, но по молитвите, има предавања за страдањето на муслиманите во Сирија, бомбардирањата од западните земји, а и воопшто против-западна пропаганда проследено со многу теории на заговор за Западен свет/Израел. Групите кои го следат овој имам во џамијата Јахја Паша обично не се поголеми од 40 лица, а повеќето се мажи на возраст од 30тина години.[178]

Имамот Рецеп Мемиши, кој беше осуден по обвинението за регрутирање и проповедање на насилен екстремизам проповедаше главно во Тутунсуз џамијата, стара џамија во Скопје, во населбата Гази Баба, општина Чаир. По неговото апсење, со молитви во џамијата продолжи имам од ИВЗ, но не е јасно што се случи со претходните следбеници на Мемиши и дали тие се уште ја посетуваат оваа џамија по промената на имамот. Сепак, Фејсбук страницата на Мемиши и неговите екстремистички предавања можат се уште лесно да се најдат на YouTube. Иако тој е во затвор, се уште се поставени неговите видеа на YouTube каналот на "Минбер медиа", која исто така има активна страница на Фејсбук, каде се објавуваат поканите за предавања по молитвата во Јахја Паша џамијата во Скопје.[179] Еден пример за такво видео, кое е достапно на интернет, е она на Мемиши, каде што тој зборува за сириската војна и објаснување на верниците што е тоа маченištво (Шахид), каде тој тврди дека умирањето во одбраната на границите на Исламската држава (во видео наречено Исламска држава, не мора да значи ИСИС), борбата против убијците во Сирија се смета како акт на маченištвото (од мин. 6:35-6:59)[180] Постојат и други видеа каде јасно се повикува на зборовите на пророкот Мухамед да се убедат луѓето со давање на религиозни

177 Интервју со младо момче од Скопје, 24 години, кој бил сведок на истото многу пати од прва рака, интервју спроведено во јуни, 2016.
178 Ибид.
179 Фејсбук страница “Teuhid.NET - Minberi i Teuhidit” http://www.facebook.com/minbermedia и истиот Youtube канал - https://www.youtube.com/user/minbermedia/ кое е главно идентификувано дека е се уште активен и дава поддршка на осудениот имам од Скопје Рецеп Мемиши, овие страници последен пат беа пристапени на 25.08.2016
180 Рецеп Мемиши видео, "Војна на аргатите", дел за маченištвото од 6:35-6:59 https://www.youtube.com/watch?v=fRV86JozIF8, Видео објавено на 11 јануари, 2014, последен пат пристапено на 23.07.2016.

докази дека тие треба да бидат "во земјата на Шам (Сирија)" од мин. 17:58-18:32[181]. Ова видео датира од јуни 2013 година и се уште е достапно на Интернет, а од делот за коментари може да се види дека се уште е активно гледано од страна на луѓето.

Пропагандниот материјал на самопрогласениот имам Мемиши, иако е јасно дека е постар, се уште се дистрибуира активно на голем број на социјални медиумски канали. Ова уште повеќе нагласува дека операцијата "Ќелија" само делумно го опфатила проблемот со насилниот екстремизам. Самата акција вклучуваше апсења на регрутери кои беа главно од Скопје, но не се занимаваше со штетата која овие луѓе веќе ја имаа веќе предизвикано. Македонската стратегијата за борба против тероризмот го опфаќа проблемот на онлајн радикализацијата, но не прецизира одредена активност која ќе се фокусира на расчистување на пропагандниот материјал на веќе осудените имами/поединци.[182]

Едно младо момче од Скопје, кое редовно ја посетува Јахја-Пашината џамија смета дека истата реторика и екстремистичка идеологија се наметнува редовно во оваа џамија како и досега; единствената промена што го гледа пред/по полициската акција "Ќелија" е дека повиците за приклучување на ИСИС не се прават толку директно и отворено од имамите. Исто така, општата поддршка за ИСИС во Скопје е намалена. Според овој млад човек, повеќето од дебатите кои тој ги слуша за ИСИС се однесуваат на нивната преголема насилност, за силување на жени и се споменуваат други дејствија за кои тие не мислат дека се во согласност со она што исламот ги учи.

Сепак, приврзаниците на ИСИС се уште се наоѓаат во значителен број. Повиците за радикализам и поддршка на екстремистичките идеологии вообичаено се даваат од пријатели или познаници кога предавањата по молитвата ќе завршат. Ова обично се прави на начин каде што радикализираните млади луѓе се обидуваат да вклучат друго младо момче во теолошки расправи, но бидејќи неговото знаење на религијата е послабо од нивното, тој често чувствува дека ги губи овие дебати со радикализираните младинци.

Едно од момчињата од фокус групата одржана во Скопје (на возраст од 24 години) добива покани за овие две џамии во Скопје од неговите блиски пријатели, кои тој ги опиша како редовни верници и ниту радикални ниту поконзервативни и тој ги посетува овие џамии поради нивните веќе популарни

181 Рецеп Мемиши видео: “Сирија помеѓу Хадитот и реалноста”, делот за Шам (Сирија) од 17:58-18:32 https://www.youtube.com/watch?v=3j77mQlvIWg, Видео објавено на 13 јуни 2013, последен пат пристапено на 23.07.2016.
182 Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот. 15 март 2016 година.

или попривлечни "предавања" кои ги следат после молитвата, а кои често се однесуваат на општествените случувања во државата и политичките настани на глобално ниво.

Загрижувачко е наодот кај сите фокус групи, тоа што речиси сите учесници (15 од 17, во Скопје 5 од 6) познаваат некој кој или отишол во Сирија и Ирак, или пак има член на семејството кој отишол во Сирија и Ирак.[183]

Имаше еден случај во Скопје, опишан од страна на еден од учесниците во фокус групите, каде што се радикализирале двајца негови пријатели. И двајцата редовно ги посетувале споменатите џамии. Тие се браќа и еден од браќата во моментов е во Сирија, додека другиот брат отпатувал во Турција, но се премислил пред да се обиде да премине во Сирија. Овој (на возраст од 25) се врати во Македонија и се' уште има радикални ставови. Учесникот во фокус групите верува дека тој е се уште радикализиран, бидејќи го среќава во џамијата Јахја-Паша и го гледа како се дружи со имами кои се познати по неприфаќање на официјалниот орган на ИВЗ. Исто така, тој често го фали неговиот брат кој се уште е во Сирија.[184]

Официјалниот број на македонски државјани во Сирија според ИВЗ во овој миг е 140, но се верува дека не секој од нив е приклучен кон ИСИС или се бори на вистинското бојно поле. Според ИВЗ, само 20 од нив се странски борци.[185] По полициската операција "Ќелија" никој од Македонија не отпатувал во Сирија или Ирак.[186]

Сепак, можеме да ја забележиме разликата помеѓу бројот на странски борци дадени од страна на Исламската верска заедница и бројките обезбедени од страна на безбедносните институции во Македонија.

Според ИВЗ, бројките дадени од страна на државата можат да бидат повисоки бидејќи постои тенденција ова прашање да се политизира и често да се злоупотребува против етничките Албанци во обидот да се прикаже верскиот екстремизам само како албански проблем. Ова ќе им наштети на јавниот имиџ на Албанците, покажувајќи ги како проблематични и склони кон тероризмот.

183 Наодите од фокус групи со младите во Скопје, Куманово и Тетово; спроведена помеѓу 18-21 мај, 2016

184 Наод од фокус групите во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика, учесникот имаше 22 години, момчр, студент кој живее во општина Чаир

185 ИВЗ: околу 140 лица, македонски државјани се во Сирија и Ирак http://alsat-m.tv/News/251928/bfi-rreth-140-persona-shtetas-te-maqedonise-gjende-ne-siri-dhe-irak, објавено на 08.05.2016

186 Интервју со висок службеник на УБК. Спроведено на 19.07.2016

Според нив, ова е направено од страна на десничарските политички партии со цел да се добијат политички поени.[187]

Од друга страна, тврдењето на верската заедница, дека во овој миг само 20 од оние кои отпатувале во Сирија и Ирак се борци, покажува пак нивна тенденција на намалување на бројките.

Ова може да сугерира на кревките односи кои државните органи ги имаат со ИВЗ и како такви ја ослабуваат можноста за издржана борба против пропагандата на ИСИС. Ниската доверба меѓу Исламската верска заедница дополнително беше отежната кога во мај минатата година канцелариите на ИВЗ беа под вооружена опсада цели 14 дена. За ова, ИВЗ ги обвини властите за недејствување против вооружените напаѓачи и покрај тоа што официјално и јавно ги повикаа да го сторат тоа.[188] Како резултат на тоа вработените на ИВЗ беа принудени да го напуштат седиштето на неколку недели, а здравјето на тројца вработени беше влошено.[189]

Недовербата помеѓу двете страни попречува соработка и споделување информации. Тоа исто така, создава последици за заедничките активности во спротиставувањето на насилниот екстремизам, што ги прави таквите активности да бидат помалку прифатливи во муслиманската заедница. Слична загриженост беше спомената и во дискусиите на фокус групите во Скопје.[190]

Од фокус групата во Скопје, како одговор на прашањето "Што мислат дека всушност претставува радикализација, како тие би познале радикална личност", се дадоа многу различни одговори при дискусијата. Некои од поспецифичните беа:

- Радикализацијата доаѓа како резултат на погрешни толкувања на религијата, кога луѓето почнуваат да ги сфаќаат работите буквално. На пример: зборот "борба" има многу значења, како што се борбата против вашето сопствено его, борбата против лошите навики итн, и не мора да значи буквално борење во странска војна. Само преку подигнување на свеста на луѓето за себе и за нивното општество би

187 Интервју со Агрон Војника лице за односи со јавност на Исламската верска заедница во Скопје, одржано на 04.04.2016

188 ИВЗ и понатаму е под окупација на Шабани http://alsat-m.tv/News/192810/bfi-ja-vazhdon-te-mbetet-e-uzurpuar-nga-shabani; објавено на 08.05.2015

189 Влошена здравствената состојба на тројца вработени во ИВЗ, интервенирала Брзата Помош http://fokus.mk/vloshena-zdravstvenata-sostojba-na-trojtsa-vraboteni-vo-ivz-intervenirala-brza-pomosh/; 05.05.2016

190 Фокус група во Скопје, се одржа на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика, една 21 годишна студентка од Скопје, која живее во општина Чаир изрази недоверба во активностите кои се преземаат од страна на државата за спротивставување на насилниот екстремизам.

можеле да ги минимизираме факторите кои ќе доведат да еден човек учествува во војна.[191]

- Секој разговор кој ќе го започнат, ќе најдат начин да го поврзат со религијата. Тоа е начинот на кој јас разликувам дали таа личност е радикална или не.[192]

- Студентите од Факултетот за исламската наука рекоа дека би препознале радикална личност по начинот на кој и приоѓа на религијата.[193]

- Зборот "Ислам" значи мир. Ако лицето е насилно и агресивно, тоа лесно може да се види од начинот на кој тој/таа зборува. Повеќето од нив не го познаваат исламот, бидејќи тие не го ни учат.[194]

- Радикализацијата се појави како резултат на погрешни толкувања на Коранските и Библиските стихови.[195]

- Кога едно лице се вмешува во интегритетот на друго лице, тоа би можело да се гледа како знак на радикализација.[196]

- Радикализираните луѓе можат да бидат препознаени од начинот како тие им приоѓаат на социјалните мрежи. На пример, објавување на позитивни коментари на Фејсбук за одиење во Сирија и Ирак. Од овие нешта може да се оцени како таа личност мисли за овие прашања.[197]

Она што може да се идентификува е дека најголем дел од учесниците беа збунети за тоа како да се дефинира "радикален" и повеќето од нив не го гледаат радикализмот како нешто што е спротивно на законот туку само изразуваат жалење за тие лица кои што се изолирале од нивните пријатели и дека тие не

191 19 годишен студент (момче) од средното економско училиште во општина Чаир - Скопје, учесник во фокус групата во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика.
192 21 годишен студент (момче) од приватен универзитет во општина Чаир - Скопје, учесник во фокус групата во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика.
193 21 годишен студент (момче) од Факултетот за Исламски науки - Скопје, учесник во фокус групата во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика.
194 20 годишна студентка (девојка) од Факултетот за Исламски науки - Скопје, учесник во фокус групата во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика.
195 Ибид.
196 20 годишна студентка (девојка) од Државниот Универсзитет во Скопје која живее во општина Чаир, учесник во фокус групата во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика.
197 20 годишен студент (момче) од Државниот Универсзитет во Скопје кој живее во општина Чаир, учесник во фокус групата во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика.

придонесуваат активно во општеството. Што се однесува до оние кои се приклучиле на ИСИС во Сирија и Ирак, тие мислат дека се изманипулирани луѓе кои се приклучиле поради различни причини, без разлика дали тие се идеолошки или пак финансиски. Некои од повпечатливите коментари беа:

> *„Знам еден пријател со кој се дружевме три месеци; му бев многу близок. Тој ја опишува војната како нешто многу пријатно, и тој има двајца братучеди кои се борат во Сирија. Неговите роднини често доаѓаат во Скопје а потоа одат назад кон Сирија. Не можеш да знаеш кога се тука а кога не. Овој човек живее во моето соседство, тој не бил во Сирија, но ме праша дали јас сакам да одам и тогаш го прекинав нашето пријателство".*[198]

> *„Лично имам пријатели кои ја поддржуваат војната во Сирија и ИСИС и имам пријатели кои се против тоа“*[199]

За време на фокус групата со студенти во Скопје, забележавме дека речиси целата група познава некого кој е отиден во Сирија или некој кој има член на семејството, кој отишол во Сирија. Се појави еден позагрижувачки факт: машките студенти се повеќе изложени на пропагандата на овие членови на семејството кои во моментов се во Скопје преку слушање приказни од нив за тоа како нивните роднини или браќа и сестри во Сирија сега живеат луксузен живот, имаат куќи со базени за пливање, возат луксузни автомобили, и многу повеќе.

Сите се согласија дека социјалните мрежи имаат улога во хранењето со екстремистички идеи и помош во поврзувањето со други луѓе кои поддржуваат екстремна идеологија. Меѓутоа пропагандата преку социјалните медиуми нема директна, единствена улога во убедувањето некој да замине за Сирија. Се верува дека директениот контакт со врбувачот е една од главните причини за радикализација и нешто што е потребно за да се убеди некој да оди во Сирија и Ирак.

Постојат ограничени информации кои доаѓаат од државните институции за тоа каде во моментов се странските борци или што се случува со нив. Според едно интервју со младо момче во Скопје, има еден случај каде што странски борец во неговите рани дваесетти години во моментов живее во градот Качаник на Косово, поради страв дека ќе биде уапсен од страна на македонските власти. Ова младо момче еднаш му помогнало на свој пријател да купат намирници за

198 21 годишен студент (момче) од приватен универзитет во општина Чаир - Скопје, учесник во фокус групата во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика.

199 19 годишен студент (момче) од средното економско училиште во општина Чаир - Скопје, учесник во фокус групата во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцелариите на Аналитика.

нивниот пријател-поранешниот странски борец. Ова само ја нагласува важноста за потребата за регионален пристап кон прашањето на насилниот екстремизам, или барем добра билатерална соработка во врска со ова прашање меѓу соседните држави.

По полициската операција „Ќелија 1", не беа откриени директни повици за приклучување на ИСИС или заминување за Сирија. Сепак постои зголемување на активностите кои индицираат на длабока внесеност и построго практицирање на верата.

Една од можните последици е тоа што трите најголеми албански средни училишта во Скопје, се соочуваат со значително намалување на бројот на учениците кои сакаат да ја прославуваат матурската вечер, традиционален празничен собир во последната година од средно училиште. Има зголемување на бројот на студентите кои не сакаат да ја прославаат матурската вечер, поради религиозни причини.[200] Средното училиште „Цветан Димов" во општина Чаир не организира матурска ноќ на сите, поради фактот дека мнозинството од студентите ја сметаат матурската вечер како "харам" (забрането) според исламот.

Според еден наставник од средното училиште „Цветан Димов", ситуацијата е резултат на одредени наставници од училиштето кои ги организираат и инструираат кон построго следење на религијата, собирајќи групи на машки лица носејќи ги во празни училници за да се молат.[201]Сепак, овој податок доаѓа од едно единствено интервју без притоа да се провери теренски.

Исто така за време на истражувањето, се утврди дека промотивни верски материјали како што се брошури, беа циркулирани често и јавно во голем дел од средните училишта во Скопје, како на пример во професионалното средно економско училиште „Арсени Јовков“, гимназијата „Зеф Љуш Марку“, професионалното хемиско средно училиште „Марија Кири - Склодовска“, стручното средно медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов" како и гимназијата „Цветан Димов“.

Три од овие училишта се лоцирани во општина Чаир, со исклучок на средното хемиско училиште кое има програма и на албански и на македонски јазик и се наоѓа во Општина Карпош, како и средното медицинско училиште „Д-р Панче Караѓозов", кое се наоѓа во општина Центар. Наставата во ова училиште се изведува на два јазика. Во ова училиште, брошурите им беа дадени само на учениците етнички Албанци на албански јазик. Меѓу средношколците се делеа и брошури против славење на матурска вечер засновано на верска основа. Како

200 Матурска Вечер помеѓу „Модна писта” и “Харам” http://www.magazina.al/matura-mes-sfilates-dhe-haramit/; објавено на 23.05.2016

201 Интервју со професор од Средното Училиште „Цветан Димов”, одржано на 05.06.2016.

што беше споменато, бројот на студентите кои сакаат да прославуваат е намален. Важно е да се напомене дека во Законот за средно образование експлицитно се забранува организирање на било каков вид на верски активности во просториите на средните училишта и предвидени се казни до 1600 евра за училиштата кои го дозволиле тоа. Организацијата "Thirja Islame" (Исламски повик) само во 2016 година има остварено најмалку три верски кампањи во сите од спомнатите училишта. Кампањите покриваат теми како на пример како да се молат (Вредноста на Намазот), кое беше одржано во средното училиште „Зеф Љуш Марку" - Скопје и беше спроведена на 27.04.2016[202]. Порано им биле делени исто така брошури против прославување на Нова Година на младите во ова училиште[203], а според учесник во фокус групата оддржана во Скопје, на него лично му се давани брошури во неговото училиште Арсени Јовков[204] каде всушност според неговите кажувања имало обиди дел од наставниците да ги идентификуваат студентите кои се позаинтересирани за религијата и им предлагаат на истите да присуствуваат на верски настани. Организацијата „Исламскиот повик“ (Thirja Islame) е таа која ги водеше кампањите во училиштата, со повикување кон поконзервативно практикување на Исламот, сепак оваа организација се смета дека е блиска на имамот од Куманово, Садула Бајрами кој често беше критикуван за неговите контроверзни изјави, како што се „оние кои не можат да присуствуваат на петочната молитва бидејќи се на работа, треба да дадат отказ од работа"[205], или "студирањето на Правниот факултет е неисламски". Како одговор на ова, поглаварот на Исламската верска заедница во Македонија реагираше јавно, осудувајќи го овој имам и неговите контроверзни изјави.[206]

202 Вредноста на Намазот 27.04.2016 во СУ Зеф Љуш Марку http://www.thirrjaislame.com/thirrja/?p=21300, страницата последен пат е посетена на 28.07.2016

203 Зошто “Нова Година” 16.12.2015 – СУ Зеф Љуш Марку http://www.thirrjaislame.com/thirrja/?p=19675, страницата последен пат е посетена на 28.07.2016

204 19 годишен студент (момче) од средното економско училиште во општина Чаир - Скопје, учесник во фокус групата во Скопје, одржано на 18.05.2016 во канцеларииите на Аналитика.

205 Имамот Бајрами – Ако не можеш да присуствуваш на Петочната молитва, напушти ја таа работа http://www.gazetaexpress.com/lajme/imami-bajrami-nese-nuk-mund-te-shkoni-ne-xhuma-lereni-punen-e-shtetit-60189/?archive=1; објавено на 17.11.2014

206 Поглаварот на ИВЗ: Имамот Бајрами е платен за да ги одврати верниците од вистинскиот ислам http://www.zhurnal.mk/content/?id=1672612242559; објавено на 26.07.2016

6.2 Куманово

Куманово е град кој се наоѓа во северниот дел на Република Македонија. Според пописот од 2002 година, околу 30% од населението се муслимани. Се граничи со општина Липково, кој е општина во руралната област на Куманово, и се состои главно од албански села, каде што 90% од населението во оваа општина се муслимани. Овој регион на Липково е познат по високата миграција и невработеноста кај младите.

Во Куманово најшокантниот случај на радикализирано лице е случајот со 18-годишната девојка за која се верува дека е во Сирија и во моментов е во брак со странски борец.[207] Освен овој случај, младите учесници од фокус групата во Куманово ги споделија своите ставови во врска со обемот на радикализација и феноменот на странските борци. Тие веруваат дека феноменот не е толку очигледен како на пример во Скопје, и тоа се главно поединци кои се радикализирале поради различни лични причини.[208]

Во однос на прашањето како тие би препознале лице кое е радикализирано, преовладуваа слични ставови со оние од другите фокус групи. Начинот да се познае радикализирано лице според нив е кога некој зборува со други луѓе, но не прифаќа различно мислење, особено кога станува збор за религиозни теми. Тие тврдат дека ја знаат вистинската верзија на исламот.

„Нивната брада е различна од другите модерни бради, бидејќи нема мустаќи, а потоа ќе препознаете дека ја имаат поради религиозни причини, што не е знак на радикализација. Како пријатели, ние се уште им посакуваме добредојде во нашето друштво, но тие имаат тенденција да се изолираат и да се дружат само со луѓе кои се слични на нив, бидејќи тие не го одобруваат нашиот начин на живеење.“

„Друг знак за радикализација е кога објавуваат агресивни содржини или видеа од Сирија (како обезглавување) на нивните профили на социјалните медиуми".

Од причините зошто некој се приклучил кон ИСИС или отишол во Сирија, поголемиот дел од причините наведени во фокус групата во Куманово се поврзани со или идеологија, со тоа што овие луѓе силно ја прифатиле идеологијата, или во знак на солидарност со сирискиот народ и против режимот на Асад. Другите наведени причини беа социјалната неправда во Македонија, каде што државата не ги третира двете мнозински религии како исти, и каде што

207 18 годишна девојка од Куманово му се приклучи на ИСИС http://www.telegrafi.com/vajza-18-vjecare-nga-kumanova-i-eshte-bashkangjitur-isis-it/; објавено на 2015.
208 Наодите од фокус-групата со младите во Куманово, одржана на 21.05.2016

има тенденција муслиманите да бидат портретирани како екстремисти, не забележувајќи го православниот христијански екстремизам кој честопати е потпомогнат од државата. Како примери ги посочија 40 метри високиот крст во Општина Аеродром во Скопје и оној кој се планира да се изгради во општина Бутел. Таквите случаи тие ги гледаат како провокативни и како начин да се чувствуваат недобредојдени во оваа земја.

Еден од учесниците во фокус групата, 18-годишното момче од Скопје, кој бил присутен на предавање на лице кое тој го смета за радикален имам, вели дека сета секојдневна политика во државата се користи како изговор за да ги убедат дека тие се жртви во оваа земја и дека во Сирија или во Исламската држава би имале слобода и добар живот.

Тие ја истакнаа потребата да се има контакт со некој кој бил во Сирија и се вратил за да го сподели своето искуство со младите, бидејќи слушаат многу митови од овие имами или пријатели, но им недостигаат веродостојни информации кои би ги користеле како аргумент против нив.

Кога станува збор за верска дискриминација, повеќето од испитаниците одговориле дека имаат чувство дека можат слободно да ја практикуваат својата религија. Сепак се чувствуваат подискриминирани врз етничка основа. Тоа го согледуваат според начинот на кој другите муслимански заедници во Македонија, како што се етничките Турци и Бошњаците не се портретираат во медиумите првин како муслимани, за разлика од кога вестите се поврзани со етнички Албанци постои тенденција да се даде повеќе фокус на нивната религија.

Организациите кои промовираат радикална идеологија имаат поголемо влијание врз младите без претходно познавање на исламот или кои имаат ниско ниво на образование, а понекогаш и тие кои го напушиле училиштето.

Доминантно беше мислењето во групата дека државата се бори против екстремизмот само за да се покаже пред Западот, пред се ЕУ и САД, дека тие се борат против феноменот. Сепак овие операции се вршат само делумно и не се борат вистински против овој феномен бидејќи пропагандата се уште шири многу отворено и не толку многу во тајност, а со тоа и државата мора да има информации околу овие случувања.

Недостатокот на училишните дебати на тема филозофски прашања ги остава младите со слабо разбирање на религијата и нејзината улога, и ги прави лесни за манипулирање. Тие веруваат дека екстремистичките организации се подобро организирани од било која друга младинска организација и дека тоа е причината зошто тие се покажуваат како поуспешни во привлекување на повеќе млади лица.

Кога станува збор за прашањето за криминализација на учеството во странски војни, повеќето од учесниците изразија загриженост во врска со тоа, бидејќи тие веруваат дека поранешните странски борци се исто така жртви, бидејќи државата не успеала да ги спречи радикалните имами да проповедаат, но сите се согласија дека регрутерите треба да бидат гонети.

Во однос на прашањето околу тоа на кого би му верувале најмногу да презема активности за борба против насилниот екстремизам, одговорите беа помеѓу Министерството за образование, до ИВЗ во соработка со родителите. Тие, исто така сметат дека овие активности не треба да вклучуваат само муслимани, туку и од другите верски заедници, кои би требало да учат за исламот, како што и муслиманите треба да научат за другите религии во Македонија, како што е христијанството, бидејќи тие немаат познавање и мислат дека тоа ги прави помалку толерантни во однос на другите заедници во Македонија.

6.3 Тетово

Тетово е град кој се наоѓа во западниот дел на Македонија, каде што живеат претежно етнички Албанци, 70% од населението се смета дека припаѓа на исламската религија. Најголемиот дел од областа на руралниот тетовскиот регион се наоѓа во општина Теарце, каде се смета дека 90% од населението се муслимани.

Тетовско служи како пример дека поголем процент на муслимани не мора да произведе поголем број на странски борци. Иако статистички податоците по град недостасуваат, за време на истражувачките активности, не беа идентификуван посериозни случаи на странски борци или зголемување на екстремистичката пропаганда во Тетово, освен спорадични случаи и обиди на сомнителни организации да го наметнат нивното влијание.

Од фокус групата со младите во Тетово, млада студентка го опиша случајот кога една организација изнајмила стан на првиот кат од нивната зграда и почнала да ги кани состанарите на верски предавања. За многу кратко време по ова, станарите се организирале и потпишале заедничко барање организацијата да биде протерана од зградата, во што и успеале.

До сека нема јавно идентификувани случаи на загинати странски борци во Сирија или Ирак, а да се од градот Тетово.

Досега само две лица од Тетово се уапсени врз основа на учество во странски војни или за регрутирање на странски борци. Првиот беше уапсен како дел од проектот полициската операција „Ќелија" и веќе е осуден на 3

години и 1 месец затвор,[209] додека второто лице од Тетово беше уапсено како дел од полициската операција „Ќелија 2“, при што тој е се обвинет за учество во странска војна во Сирија или Ирак.[210]

За време на фокус групата во Тетово, беа поставувани истите прашања, како на пример ќе препознаат радикализирано лице, дали имале искуство да познаваат некој кој бил радикализиран или да отишле во Сирија и Ирак, дали им се обратиле лично да се приклучат кон тие групи, и поопштото прашање за она што тие сметаат дека ги поттикнува овие лица кон радикализација и што ним им недостига како млади во градот Тетово.

Одговори кои следеа од фокус групата во Тетово беа поконкретни во споредба со останатите две групи во Куманово и Скопје. На прашањето дали знаат некој кој заминал за Сирија и Ирак, и покрај тоа што поголемиот дел од учесниците изразија дека знаат, сепак тие не биле случаи на лично познанство туку дека чуле за некој од некој од нивниот социјален круг без да го познаваат лицето директно.[211] Во споредба со Скопје и Куманово, учесниците посочуваа повеќе лица или роднини на луѓе од нивниот непосреден социјален круг или од семејството.

Меѓутоа, на прашањето како тие би препознале радикализирано лице, поголемиот дел од наведените причини беа драстична промена на однесувањето на поединци во многу краток временски период. Случаите кои тие ги опишаа беа за соученици или колеги/студенти кои во текот на многу краток временски период се изолирале од сите општествени активности и покажувале интерес само за верски дебати. Еден од учесниците, студентка на Правниот факултет во раните дваесетти години, го опиша случајот на еден од нејзините роднини. Нејзиниот братучед бил член на албанската дијаспора, кој се вратил во Тетово за да учи но, бил под опасност од радикализација откако почнал да се дружи со група на пријатели кои влијаеле врз него да се изолира од остатокот на семејството и други социјални активности. Неговите родители реагирале на време, и во период од 2-3 недели успеале да го убедат да ја напушти оваа група и да ја напушти Македонија. Овој случај само го нагласува влијанието на родителите кое можат да го имаат врз своите деца кога кај младите ќе се открие процесот на радикализација во рана фаза.

Кога станува збор за терминот "радикализација" поголемиот дел од студентите во Тетово се мачеа со користењето на оваа терминологија, бидејќи

209 Случајот „Ќелија”: Казни затвор од две до четири и пол години за петтемина обвинети http://www.akademik.mk/sluchaj-kjelija-kazni-zatvor-od-dve-do-chetiri-i-pol-godini-za-pettemina-obvineti/; објавено на 18.05.2016

210 Четворица осомничени исламисти уапсени во полициската операција „Ќелија- 2” http://www.telma.com.mk/vesti/chetvorica-osomnicheni-islamisti-uapseni-vo-policiskata-operacija-kjelija-2; објавено на 09.07.2016

211 Наодите од фокус-групата со младите во Тетово, одржана на 20.05.2016

не можеа да обезбедат аргументи зошто тоа е лошо како феномен, или често пати самиот процес вклучува поголема насоченост кон религијата на што не се гледа како нешто погрешно. Им недостасуваа верски аргументи во смисол во кој е моментот кога радикализацијата станува погрешна и ја истакнаа потребата да оваа појава им биде подобро објаснета од страна на верските лидери.

Нејасниот концепт на радикализација често ги остава младите, за кои се верува дека претставуваат таргет група во Македонија незаштитени и неопремени со потребните контра-аргументи или разбирања за да не паднат во стапиците на екстремистичката пропаганда.

Сите учесници на фокус групата го осудија учеството во војните во Сирија и во Ирак, но не сите се согласија дека странските борци треба да биде затворени, бидејќи тие не веруваат дека би претставувале вистинска опасност за Македонија. Сепак, сите се согласија дека на овие лица би требало да им се овозможат програми за ресоцијализација.

